# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јули 2007 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,07 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратениц, продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Радмила Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џеват Адеми, Блерим Беџети, Ристо Пенов, Оливер Спасовски, Есад Рахиќ, Гарип Каба, Владо Бучковски, Теута Арифи, Тито Петковски, Фијат Цаноски и Лазар Китановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Има збор господинот Љубисав Иванов-Ѕинго, повелете.

(Реакција од страна на пратениците тие што биле пријавени за реплика).

Се извинувам господине Иванов, јас не ја заклучив седницата, прво треба регуларно да одиме со репликите од минатата седница. Се извинувам на сите. Моја грешка.

Бидејќи компјутерот не разликува кои се за реплика. Знач, Флора Кадриу, Агрон Буџаку и Ратко Димитриевски, ако стигне.

Повелете госпоѓо Кадриу, вашите три минути.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам претседателе,

Сакам да му реплицирам на господинот Поповски за неговата дискусија која ја имаше на седницата, меѓутоа, сега ќе треба во негово отсуство да се изразам.

Нека ми дозволи да се повторам уште еднаш, сега на не паушален начин, подетално да го образложам мојот став дека за доброто на Албанците во Република Македонија во Буџетот за 2007 година се одвоени материјални средства и тоа за К-5 107.546.000 денари, 32.515.000 денари за Тетовскиот универзитет и 9.432.000 денари за Театарот во Тетово, што севкупно изнесува 150 милиони денари. Значи, 150 милиони денари за државни службеници, како што истакна и самиот господин Поповски во неговиот говор, но и за вработување во Тетовскиот универзитет и во Театарот во Тетово.

Во 2006 година овие средства за оваа намена изнесувале само 46 милиони денари. Значи, во однос на минатата година мислам претходната 2006 година за подобрување на правичната застапеност на претставниците на заедниците оваа година 2007 материјалните средства се зголемени, еве ќе речам, за прв пат, повеќе од три пати. Значи 3,26 пати, што значи 326%. Ние не можеме да ја искривуваме и разобличуваме вистината само за да и угодиме на опозицијата.

Сега си поставувам себе си две прашања.

Имајќи во предвид дека во неговата дискусија, во неговиот говор господинот Поповски сакаше да остави впечаток на огромно знаење за употреба и распределба на парите во Буџетот на Република Македонија, зошто тој како министер за финансии дозволи во Буџетот за 2006 година да бидат одвоени само 46 милиони денари за правична застапеност на претставниците на заедниците.

Моето второ прашање во однос на министерот за финансии, како е можно Министерството за финансии со сите негови органи господинот Поповски да го остави со најмал број вработени Албанци.

Податоците, бројките, процентните поени во месец септември по неговото заминување од функцијата министер за финансии укажуваат на Министерство за финансии со сите свои органи во состав има вкупно вработено 3.728 лица од кои 225 Албанци, или процентуално 6,04%. Само во Министерството за финансии, без неговите органи 552 вкупно вработени од кои 55 албанци или 9,96%. Во Царинската управа 862 вработени од кои 58 Албанци или 6,73%, значи ни од блиску не ги исполнува критериумите и стандардите за правична застапеност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Буџаку, вашите три минути.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Сакав господинот Поповски да биде присутен, но како другите пратеници, без оглед на тоа што позицијата се плаши да говори, јас мислам дека господинот Славески не навреди на минатата седница, но повеќе се навреди самиот себе. Јас не би прифатил да бидам студент или ученик на таков професор, бидејќи ваквите професори, по се изгледа економијата и финансиите ги донеле до ова дереџе и по се изгледа како министер Господ знае со тоа арогантно однесување, кај нас велат кога сакаме некому да направиме нешто лошо, да му се зголеми умот. Се прави дека ги знае сите работи, ова ќе биде најголемата клетва за него, бидејќи ги навреди сите пратеници со неговото излагање.

Од претходниот говорник видовме дека чита и не знае да ги чита бројките и цифрите, но без оглед ставот на една политичка личност, а тоа е мнистерот за финансии, не треба да биде таков. Никола Поповски даде појаснување дека сето ова е манипулација и кога имаме еден политички

семинар излегуваат претставниците на коалицијата и говорат за славните 3,5% средства за К-5. Никола Поповски го кажа тоа, а и сите знаеме колку средства имало во 1998 година, колку во 2002 и колку оставивме во 2006 година. Вчера сакавме да поставиме парламентарни прашања, но кога имавме седница за пратенички прашања се менува дневниот ред, имаме разни паузи и други работи. Овде имаме една контраверзна политика бидејќи господинот Поповски кажа, но сакам да објаснам дека и нему не му е јасно, бидејќи ова го гледа од стручен аспект. Ако лансираше лажна вест, како што е ова 3,5 пати, има бројки, но ние треба да ги видиме. Медиумите го повторуваа тоа 150 пати, а Македонија е два милиони, знаеме колку се врботени, кога се вработени, колку се вработени 1998-2002 година, колку се вработени од јули 2006 до сега и колку се отпуштени од рбота, ова се јасни манипулации од медиумите и од господинот Славески. Лагата има кратки нозе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за реплика беше Ратко Димитриевски, но не е тука.

Повелете господине Иванов, имате збор, завршивме со репликите.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер за финансии, почитувани колеги.

Ќе ми дозволите да се искажам во врска со ребалансот на Буџетот за 2007 година. Како што го направија многумина од вас и јас со големо внимание ги следев расправите, дискусиите, но во исто време одвоив големо време да ги проучам статистичките податоци за кои имавме најразлични искажувања. Од тоа да се негираат наполно, да се омаловажуваат, па до со голема радост и еуфоричност да се поздравуваат таквите резултати.

Кога одлучив да се искажам во врска со ребалансот на Буџетот, во исто време се искажувам и за економските процеси. Тие се поврзани како близнаци. Не може да се зборува за приходниот дел на ребалансот на Буџетот ако не се зборува за економијата и економските процеси од каде практично се полни Буџетот.

Не може да се зборува за расходниот дел на Буџетот ако не се зборува за тоа дека тој Буџет и ребалансот е ставен во развојна функција на економијата.

Кога се носеше Буџетот и кога Владата го предложи растот на бруто домашниот производ и на обемот на развојот на економијата, јас бев голем песимист. Го посакував тој раст. Чувствував во себе големо задоволство, задоволство кое ќе придонесе за севкупниот развој на Македонија, за повисок квалитет на живеење, задоволство што ќе значеше еден светол зрак во темниот тунел да согледаме. 15 години имавме стагнација на економски план во Македонија. 15 години назадување. За тие 15 години, општо е познато, не сакам да повторувам, сум зборувал за тоа, на кое дереџе и на кое ниво дојдовме каде практично земјите кои беа далеку под нас не поминаа.

Имајќи го во предвид тоа, јас неколку пати сакав да го проверам со некои луѓе од Владата. Кај нив извираше голем оптимизам. Самиот сакав да дојдам до решение на тој оптимизам, а и самите ме упатуваа на мерките кои треба да го следат и овозможат тој раст од 6%. Јас ги проучував, но во себе размислував дека мерките се добри, квалитетни, економски оправдани, но дали ќе имаат ефект на кратки стази, за краток временски период. Излегов и надвор од овие размислувања и ги погледнав глобалните процеси во светот затоа што глобализацијата навлегува во сите пори од животот и во сите земји.

Гледајќи со какво темпо се развиваат три гиганти во светот Индија, Кина и Русија. Не може таквиот огромен развој каде во Кина, според некои податоци, растот е 10 до 11%, во Индија се приближува до 9%, во Русија динамично расте што не може да се одрази и на нашите економски процеси во Република Македонија. Тогаш кај мене се пробуди едно чувство на сигурност дека ние, поправо Владата, сепак доволно и детално ги има проучено и анализирано сите овие факти за кои јас зборувам и дека, ако бидеме умни и ако сакаме, тоа може да биде можно како достигнување.

Би сакал да додадам една значајна работа која никој не ја кажа, барем до сега, а тоа е создавањето на климата за развој на економијата. Значи, упорното инсистирање на владата дека најзначајна работа е развојот на економијата, тоа е мојата теза уште од 90-тите години, практично создаде една сосема нова состојба во Република Македонија и ги пробуди чувствата кај бизнисмените, кај креативните снаги, кај оние што практично ја носат економијата и развојот во Македонија и видоа една сигурност и тие кренаа во развој на своите сопствени производни капацитети. Тоа е добро, треба сите да не охрабрува. Тоа значи дека ние започнуваме да излегуваме од едно тешко време, време на стагнација, време на осиромашување. Дека почнуваме да работиме во полза на својот народ и на своето општество и држава.

Меѓутоа, ние мораме да бидеме и објективни и реални, потполно да ги согледаме реално и објективно овие процеси, овие движења. Со право беше кажано, тоа го покажуваат статистичките податоци, дека концентрацијата на високиот развој е концентрирана во индустријата и тоа само на еден дел од индустријата, транспортот и трговијата кои се меѓусебно поврзани и значајна улога игра светската конјунктура.

Според тоа Владата во овој момент мора да му посвети големо внимание од аспект што е сконцентрирано на мал дел од индустријата, а тоа значи дека сега мора да размислува како на поширок план да ги развие другите дејности. Јас мислам дека таа размислува за тоа, имајќи ги во

предвид некои процеси, кои што се во меѓувреме одвиваат. Ние не смееме и не можеме и не е дозволено да влеземе во одреден ризик во наредните години. Не мислам дека тој ризик може да настапи за година две, три, но на еден подолг период може да се појави. Според тоа, ние мораме да го почиваме својот развој на е ден многу поширок план, тоа значи во градежништвото, тоа значи во земјоделието, тоа значи во туризмот, тоа значи во сообраќајот, тоа значи во индустријата но на многу поширок план. Ние треба сега да видиме како ќе имаме непрекинат раст. На пример, во градежништвото и што Владата во таа насока превзема и треба да превземе. Значи, за да се развие градежништвото и градежната индустрија која што го следи овој дел, треба сега да се направат процеси и решенија, а веќе се прават, кои ќе овозможат една голема инвестициона активност во тој дел, од изградба на инфраструктурни објекти до изградба и развој на станбената изградба. Владата тука влегува во тој процес и таа зборува за изградба на инфрастуктурата. Треба многу побрзо во тој дел да се направат одредени достигнувања, почнувајќи од тендери, обезбедување на средства, патишта, за улици, за водоводи, за железница и да се создадат услови за една интензивна станбена изградба.

Процесите кои ги започна Владата во изградбата на хидросистемите и акумулациите, енергетските системи во Македонија со 400 хидроелектрани во Македонија е процес кој оди во развојот на градежништвото. И, не само во разовјот на грдежништвото, туку и во развојот на енергетиката, развојот во земјоделието, затоа што сите тие објекти, практично имаат тринаменска примена. Тој процес треба да се забрза, тој процес ќе донесе големи ангажирања на нашата градежна оператива. Кога сум кај градежната оператива, мора да размислуваме и мораме да изградиме некоја политика и логика на ангажирање на сопствена градежна оператива. Времето покажа дека нас ни дојдоа градежни организации надвор од Република Македонија. Некој ќе ми замери за монополизам, но тие градежни организации, донесоа и свои работници. Веќе градежништвото не е мануелен труд, нарочно во изградбата на патиштата. Тоа е веќе, како да кажам, доста автоматизирани процеси се, со примена на огромна техника и никој кој доаѓа од страна, не доаѓа само со машини, туку доаѓа со луѓе кои ракуваат со тие машини. Спорд тоа, ние мораме да видиме како да ги вработиме нашите градежни работници. Затоа што, голем дел од градежниците претставуваат проблем на вработување. И, ако веќе инвестираме во тој дел, тогаш ние тоа мораме да го ставиме во функција и на зголемување на вработеноста и на намалување на невработеноста. Тука, Владата прави доста значајни напори, меѓутоа не се гледаат напорите во активирање на станбената изградба. Веројатно Владата размислува за тоа, кредити, поволни кредити, одобрени услови, решавање на комуналиите, планови, мислам на урбанистички планови итн. Но, сега на Владата и останува во таа насока да направи значајни чекори. Кратко е времето на оваа Влада, во која што и мојата партија партиципира. Со право некој ќе каже што тоа го кажуваш на говорницата, кажи го таму во Владата. Но, јас го кажувам секаде и секогаш и секогаш. Тука е веќе време да се преземат одредени чекори.

Втора работа на која сакам да укажам, тоа е развојот на останатата индустрија во Македонија. И на хемиската и на другата индустрија како и развојот на рударството. Ние имаме огромен број капацитети кои се под стечај и кои што можат да се активираат и да се стаат во функција да произведуваат. За тоа сум зборувал досега многу пати. Не се завршуваат намерно стечаите, за да имаат стечајните управници и тие што се врзани со стечајот непрекинато своја материјална корист. Општеството со тоа страшно губи. Прво, тие капацитети застаруваат, второ пропаѓаат, трето не се активираат, нема материјална основа, нема материјална база. Според тоа, мора да се види што станува со секој капцитет и штостанува со оние капацитети што се продадени сосема евтино или поклонети и не се активираат. Тука, Министерството за економија мора да направи тимови за кои што се залагам веќе со години и секој капацитет посебно да го посматра и да види во што се проблемите и работите. Еве, читате оклолу Сувенир, Топилница итн. Ние зборуваме да градиме нови капацитети, а не ги активираме постојните капацитети што тоа е практично голема грешка. Нормално тоа не можеше оваа Влада да го направи за овој краток период, меѓутоа таа мора на овој проблем жестоко да настапи, затоа што тие капацитети најлесно и најбрзо ќе се активираат, бидејќи додатните средства за нивните реконструкции се многу помали, отколку да се изградат нови капацитети. Еве видете, ние тука веќе една деценија губиме огромни приходи во делот на обоената металургија на металите олово, цинк, злато, сребро и финалните производи преку топилницата. Сеуште не се активирани рудниците Злетово, сеуште не е активирана Тораница, сеуште со мали капацитети работи Саса, а топилницата практично е блокирана 10-тина години. И, ако ви кажам дека Македонија секоја година губи 300 милиони евра извоз, затоа е тоа практично производство наменето за извоз, во ситуација кога таквите капацитети сега во светот работат со исклучително високи профити, поради огромните цени кои што на берзите нараснаа, затоа што потребите за овие гиганти за кои што зборував Индија, Кина, Русија се зголемија нагло, ние губиме можеби профит од 150 до 200 милиони евра во овие ситуации на цени кои владеат во светскиот пазар. А, замислете, тука се глоѓаме за еден милион, два милиони, за три милиони, за 4 милиони итн., а н а друга страна губиме една огромна акумулација која би се остварила на база на сопствени суровини, каде

што практично материјалните трошоци се сведени на енергија и на некои домашни суровини и сосема малку на увоз. Според тоа, ние тука треба сега Владата и ние како Парламент да ги насочиме напорите за активирање на тие капацитети кои се блокирани, а блокирани се затоа што многу аномалии се направени, многу има татковци, а децата не се знаат чии се. Многу мангупи влезени внатре. Тука сега треба да се направат продорите и решенијата и ние како Парламент треба на Владата да и дадеме таму голема поддршка и таа да дојде тука и со закони тоа да го озакониме. Но, не може општеството и држа вата да губи току многу материјални средства, а не сме богати. Тоа не би го дозволиле ние најбогатите земји во светот. Според тоа, целиот тој дел кој е сега надвор од овие капацитрти кои што се активирани, мора под итно да се стави во производна функција. Тогаш, ние нема да зборуваме за раст на индустријата од 10%, ќе зборуваме за раст од 15 или 20%. Нема да зборуваме за раст од 6%. Ќе зборуваме за вкупен раст од 9 или 10%. На Македонија и треба таков раст за да излезе од овие тешки стагнации. И овој раст од 6%, тој за нас сега е благодет и богатство и кога би успеале да госочуваме до крајот на годината јас би бил исклучително среќен. Но, охрабрува и изјавата на претставникот на ММФ кој исто така излезе со еден голем оптимизам, за разлика досега кога зборуваа само песимистички.

Третиот домен на кој што треба силно да се насочиме, тоа е земјоделието. Тоа е многу битен момент, затоа што ако дојде моментот да ги отвориме преговорите со Европска унија, ние практично ќе навлеземе во катастрофа во земјоделието. Тие го прават пресекот кој го имаш сега, не само степенот на развојот на земјоделието, туку многу значи од висината од која што сме ги обезбедиле субвенциите. Тоа ту ка се пресекува кои што ги имаше. Нашите субвенции не се 5%, не се 10%, туку за 3 пати, 4 пати се помали од субвенциите на пример во една Хрватска која треба да ги почне преговорите со Европска унија и од субвенциите на една Бугарија која што веќе влезе во Европска унија. И не само тоа, туку се прави пресек и на развојот, на пример, на лозовите насади. Има толку хектари завршена приказна, толку производство на вино и завршено, толку производство на млеко и завршена е приказната. Според тоа, ние сега во тие области и во други области, како што е лесната индустрија, како што е текстилната индустрија, како што е чевларската индустрија, мораме брзо да дејствуваме со пари, со инвестиции. Значи, преку буџетот мораме да обезбедиме иницијални средства за таа намена и мораме да формираме инвестиционен фонд. Тој фонд многу држави го сместија во државните банки за развој. И ние имаме таква банка македонската банка за обнова и равој. Прво, што треба да се направи таму Владата треба да се избори, таа да се појави како инвестициона банка, како банка што може да реализира кредити и инвестиции. Тој фонд треба да се наполни со средства од Буџетот, со средства кои доаѓаат од приватизациите, ако сакате еве и од Телеком и дивидендата, затоа што таа доаѓа од една компанија која што е приватизирана така речи џабе, и исто така од донации и кредити, кои што доаѓаат од многу земји, со долги рокови за враќање и ниски камати. Тие средства треба да бидат мобилизаторски, да ја покријат целата инвестиција, меѓутоа сега да мобилизираат и сопствени средства и средства од други банки и да почне процесот на ивнестирање по овие дејности. Затоа што, ова се дејности во кои што може да се решава големиот проблем на невработеност. А, тој проблем, е нагомилан за овие 15 години и тој не може да се реши за 1, 2, 3, 4, години, ама да почне да се смалува бројот на невработените. Пунктови на кои што може масовно да дојде до вработување, тоа е земјоделието, тоа е лесната индустрија, затоа што со малку инвестиции може тој проблем да се скине од дневниот ред уште кога ќе се активираат и овие дејности, за кои што зборував, ние можеме да зборуваме за едно успешно прашање на решавање на проблемот на вработување. Јас за тоа можам да зборувам многу долго, времето не ми дозволува и не сакам да одземам толку време.

Една друга опасност за која што практично тука не се зборуваше, тоа е ризикот кој се појавува како проблем во економијата, надворешно трговскиот дефицит. Надворешно трговскиот дефицит е проблем кој како Диокрициanов меч виси врз нашата економија. Ние во тој поглед сега имаме позитивни чекори. Значи, имаме раст на извозот, поголем раст е на извозот, отколку што е увозот. Меѓутоа, дефицитот постои, тој не се намалува.

Според тоа треба во два правца да се работи, а тоа е едниот правец да се зголемува извозот, а за да се зголемува извозот треба да се ствара роба за извоз и да се намалува увозот. Ние увезуваме се и сешто, со тоа што ќе развиеме домашно производство. Домашното производство кое што ќе биде конкурентно на огромниот увоз што го направивме и каде што направивме ние во претходните години големи грешки со тоталната либерализација, укинувањето на таксите, даноците и т.н. и на неприменување на мерки кои се вон царински мерки. Според тоа во тој поглед, мораме да бидеме спремни. Владата добро е што девизните резерви ги држи на ниво на кое што ги држи. Меѓутоа за да се намали ризикот во тие два правци мораме да направиме значајни помаци на зголемување на извозот и смалување на увозот. Сега не со некои мерки кои не се веќе прифатливи, со царини, со давачки, со чуда, туку со мерки кои ќе овозможат конкурентно производство. Сакам да завршам со моето искажување. На големо задоволство што најпосле почнавме да одиме во излезна линија. И да повикам и да замолам, затоа што сум човек кој 40 и толку години работи на економијата, да ги подржиме позитивните процеси кои се одвиваат и

да предлагаме идеи и решенија со кои тие процеси брзо ќе ги развиеме по висина и по ширина и економијата практично да ни биде на секој од нас тука длабоко врежана во свеста која практично обезбедува иднина на нашата држава, на нашите граѓани, на нашите деца, на сите нас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Андреј Жерновски, господинот Павле Трајанов и Марјанчо Николов.

Повелете по тој ред.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе,

Секогаш со должно внимание ги слушам инспиративните говори на лидерот на Социјалистичката партија, инаку сега член на коалицијата на власта.

Господине Љубисав Иванов Ѕинго, јас мислев дека ќе споменете нешто и време е и редно е, за она што го пишува во медиумите. Но, ќе ве цитирам, бидејќи сакам да работам како пратеник согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Рековте, цитирам: "мора да изградиме политика и логика во користењето на градежната оператива". Сакав да прокоментирам малку околу тоа како вие, вашата партија и вашиот министер за земјоделие го сваќаат цитирам: "користењето на градежната оператива". Во медиумите е објавено дека со декрет на вашиот министер господинот Ацо Спасеноски вашата компанија влегла во проектот за изградба на браната хидросистемот Злетовица, односно дека со декрет на вашиот министер добивте државен бизнис, односно станавте подизведувач на работите во изградбата на браната од хидросистемот Злетовица. Изведувач е, како што знаете Гранит и Бетон. За мене се очигледни конфликт на интереси и основано сомневање на политичката партија, односно за една политичка корупција всушност. Консултантот на францускатa фирма не сака да одговори на прашањето, дали во неговата земја е можно фирма во сопственост на претседателот на политичката партија од која доаѓа министерот може да добие бизнис од државата. Како што знаете јас многу повеќе ви верувам вам отколку на медиумите. И би сакал да ве прашам дали е точно дека со декрет на вашиот министер, ова е одлична прилика тоа да и го кажете на македонската јавност. Дали е точно дека добивте државна работа со пари на граѓаните. Второ, уште повеќе ме интересира дали имавте реакција после сето ова од министерот главен, прв, т.е. од премиерот Груевски. Бидејќи како што знаеме неговиот висок рејтинг се должи како што можевме да слушнеме од рејтинзите во најголема мера поради изградениот имиџ на негова чесност и на чесност на Владата во која што вие учествувате. Ве молам, да ми одговорите, дали е точно, дали се точни наводите во медиумите дека постои ваков декрет и дека вашата фирма Силекс Неметали доби работа во Злетовица и дали премиерот Груевски ви укажа дека тоа не личи на предизборните ветувања, дека всушност ова се прави, нешто за што Антикорупциската комисија треба да поведе истрага. Уште еднаш ве уверувам дека повеќе ви верувам вам, отколку во овој случај на медиумите. Но, Ве молам да ме демантирате.

**Љубиша Георгиевски:** Вие како што предложивте, или сега ќе одговорите?

**Андреј Жерновски:** Не е така. Не може така. Претседателе има Деловник.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине ако имате контра реплика сега, една минута.

Не можеме кумулативно трите контра реплики да ги претвориме во три минути. Тоа е работата и така е Деловнички. За жал, тука не можам да ви излезам во пресрет. Значи, на оваа реплика сега е моментот да одговорите.

Повелете вашата минута.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам. Јас мислев дека нешто ќе ми реплицира господинот во врска со ребалансот на Буџетот. Очигледно е оптоварен со многу омраза и набиен гнев. Да му кажам дека работите во Злетовица не се добиени со декрет, туку со договор кој е направен помеѓу Бетон, Гранит и Силекс Неметали. Министерот ниту дава работи, ниту одзема работи. Потполно легално, реално и објективно. И за жал се напаѓаат луѓе кои што работат, а не се напаѓаат луѓе кои што не работат, деструктивци, нечесни и т.н. Жал ми е што човекот запливал во многу матни води.

**Љубиша Георгиевски:** Вие минути господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Ников:** Благодарам. Би сакал на господинот Љубисав Иванов Ѕинго за неколку работи да реплицирам. Се андевам ќе ми одговори.

Прво, интересно е кога од говорница неколку пати наназад зборува околу нерационалното трошење на буџетските средства. Но, за жал не слушнавме како ќе се произнесе по однос на гласањето на ребалансот на Буџетот, бидејки овој Буџет 80-те милиони евра кои што Владата ги оствари како суфицит, ги намени да се трошат за тековни расходи, односно за реклами на Владата, за спортски сали. Многу малку средства се предвидени за подршка на претпријатијата во Република Македонија. И дали тој се согласува, ако и претходно имаме во предвид дека правевме ребаланс за 80 милиони, или 60 милиони, значи некаде околу 150 милиони евра се зголемува Буџетот откога е оваа Влада на власт. А сите тие пари 85% се трошат за реклами на Владата, за нерационални трошоци, за министри кои што не носат странски инвестиции. И многу ме интересира кој е неговиот став по однос на тоа прашање.

Исто така, би сакал да го запрашам, бидејки рече дека треба да се рестартираат затворените

претпријатија и потполно се сложувам со тоа. Но, што мисли околу состојбата што сега се случува во Охис? Знаеме дека претходниот директор го затворија и сега таму условно кажано другите акционери веднаш свикуваат Собрание. Дали тоа не е повторно некој начин на партиско превземање на фирмите, како што се случуваше во 1998 и 2002 година. Тргнете го директорот, за да можат нашите кадри да имаат простор да ја преземат фабриката.Многу ме интересира, бидејки тој може да разликува од политика, од реално работење, или потреба од стабилност на раководењето на фирмата. А во однос на порастот на индустриското производство, или трендот кој што го чувствуваме, последните статистички податоци дури и за месец јуни кажуваат дека имаме пад на индустриското производство во однос на претходниот јуни до 7%. Значи сите три месеци од вториот квартал во принцип се намалува порастот на индустриското производство. Значи, Владата треба сериозно да размисли околу политиките кои што ги предлага. Мислам дека внатре во коалицијата треба активно и тој да се вклучи, ако сака нешто да направат и да спасат од македонската економија.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Ова ми личи како на интервју. Ама бидејки сме тука колеги, изгледа дека почитуваниот Марјанчо не ме слушаше мене. Јас зборував како и во кој правец треба рационално да се користат средствата. Ако не ме слушал, веројатно имал некој разговор. Има стенографски белешки, нека ги прочита.

Второто прашање околу Охис, на погрешно место го испраќа прашањето. Јас сум против воопшто преземање репресивни мерки ако е тоа погрешна работа. И не сум компетентен за тоа да дадам одговор.

И третото, мислам дека самиот го знае одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Со цела почит кон почитуваниот колега господинот Иванов чии дискусии секогаш, како и секогаш и денес внимателно ги следам. Нормално ние младите треба да слушаме. И ценам дека нешто и може да научиме од дискусиите на еден човек кој што цел свој живот го посвети на политиката, на искуството во економијата и т.н. Меѓутоа, сепак денес кај мене остана една нејаснотија во однос на еден дел кога тој расправаше во однос на таканаречени инвестиции, фрлени средства во однос на реконструкција на субјектите кои што се во постапка на стечај. Овде остана нејасно, затоа што навистина не успеав да сватам која му беше целта, или намерата на господинот Иванов. Дали целта му беше за инвестирање на средства од Буџетот, или пак други средства од странски инвестиции. Ова го нагласувам од причина што до колку имал намера на реконструкција на овие субјекти преку инвестирање на буџетски средства, ценам дека греши. Во прв ред треба да имаме предвид дека субјектите кои што се во постапка на стечај се во државна сопственост. Додека денес знаеме дека структурата во Македонија, значи доминантна е приватната. И до колку целта му била инвестирање на буџетски средства преку ставање на активна улога на државата, ценам дека греши. Мислам дека ќе се согласи со мене господинот Иванов. Ова го нагласувам од причина што државата, или пак државните органи треба да бидат самите создавачи на услови за бизнис на правните, или физичките лица, меѓутоа не и давање на активна улога на државата.

Второ, анализите покажуваат дека овие субјекти поседуваат нерентабилна технологија, многу амортизирана, или застарена и секое инвестирање на буџетски средства би било напразно. Имам статистички податоци, меѓутоа нема да застанам на нив сега. До колку господинот Иванов мисли на инвестирање на странски капитал за реактивизација на овие субјекти, сакам да нагласам дека инвестирањето во овие субјекти преку таканаречена аквизиција како една од основните форми на инвестирање на странски капитал, требало да се случи после периодот, или пак после 90-тите години. Ова не се случи за жал. А, денес инвестирањето преку оваа форма е попуста и статистичките податоци покажуваат дека порентабилни се гренфилдите отколку аквизити,

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Му благодарам на почитуваниот Јашари. Пак ќе кажам, не бев следен во мојата дискусија. Јас зборував за стечаите од аспект на нивно завршување и расчистување со тоа. Има ли услови да се активираат, или се затвораат конкретно, или пак се продаваат. А кога зборував за инвестирањето, зборував во кои области и зошто. Според тоа бев многу јасен. Не зборував дека треба од Буџетот да се издвојат средства за да се развијат овие капацитети. Господинот Јашари нека ги прочита стенографските белешки.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки завршивме со репликите и контра репликите, повелете сега господине Трајанов со вашата процедурална интервенција. Вие бевте за реплика исто? Добро. Се извинувам господине Трајанов.

Повелете господине, вашите три минути.

**Никола Рилкоски:** Почитуван колега Иванов, нависитна очекував повеќе од вашата дискусија, ценејки ве како долгогодишен, како штои смаи рековте стопанственик кој што претпоставувам дека добро ја познавате и економијата. Меѓутоа од вашето излагање денеска се чувствував како да сум во еден од амфитеатрите на Економскиот

факултет на предавање, или како на некое советување. Вие говоревте во делот на она што сакавте да го кажете, меѓутоа многу и премногу општо со фразите дека мора, или дека треба.Очекував како искусен стопанственик да кажете барем конкретно како мора да се рестартираат, или да се активираат пропаднатите фирми, или како може да дојде до раст на производството. Ако сметате дека до раст на производството може да дојде на начин како што претходно го спомна мојот колега Жерновски по примерот како што го имате вие со Злетовица, тогаш мислам дека не е во ред. Би го завршил овој дел. Сметав дека ќе имате поконструктивна и пореална дискусија, меѓутоа со жалење можам само да констатирам дека во вашиот говор видов многу демагогија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута господине Иванов.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Овде ама тотално нема ништо што да реплицирам, освен да кажам дека искрено му простувам на колегата за небулозите, затоа што простувањето е лек за душата.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути процедурално за господинот Трајанов.

**Павле Трајанов:** Господине претседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што е многу важна точка на дневен ред, ребалансот на Буџетот, колку што гледам има доста пратеници што сакаат да расправаат по прв втор или по трет пат, претседателе, доколк е можно, дури трае општата расправа да се обидете да се направи координација со пратеничките групи, доколку е можно во текот на денешниот ден да се заврши општата расправа и воедно да се направи консултација околу предлагачите на амандманите. Дали е можно во разговор со претставникот на Владата да се рационализираат амандманите односно да се повлечат, да се даде приоритет на оние амандмани за кои објективно има услови да бидат прифатени, вклучително и амандманите кои се сврзани за издвојување повеќе средства за потребите поврзани со локализирање и гаснење на пожарите. Ако тоа не го направиме, тогаш расправата и натаму ќе се одолговлекува.

Втора, сугестија, во текот на вчерашниот ден расправавме околу состојбата со пожарите, дури имаше предлог од господинот Стојан Андов да се издвои по една дневница. Јас мислам дека ако сакаме непосредно да дадеме свој придонес, можеби е добро да се направат работни гурпи од редот на пратениците и да ги посетиме сите места каде што беснеат пожарите, прво да ги охрабриме тие што учествуваа и второ, да ја видиме разликата, едно е да се разговара а сосема друго е непосредно да се учествува во локализирање и гаснење на пожарите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до предлогот, на крајот од вашата интервенција, молам сите пратенички групи тоа да го земат сериозно и ако се организираат да се организираат.

Што се однесува до првиот дел од вашата интервенција, се разбира дека ќе следи координација, или кога ќе побара некоја пратеничка група, или кога јас ке заклучам дека се созреани за тоа условите. Во овој момент мислам дека сеуште не се созреани условите за координација и за тоа ќе процениараме вака. Мислам дека исто така е дубиозно да молам пратеници да не земаат збор по трет, четврт или петти пат, затоа што деловнички тие го имаат таквото право и ако ги замолам мислам дека некои со право можат да кажат дека правам нешто што не е во подобрите обичаи на овој Парламент. Во добрите обичаи на овој Парламент се такви да може да се говори бескрајно долго и бескрајно пати, колку што ќе сака секој пратеник. Според тоа, мислам дека сега е на ред за дискусија господинот Слободан Најдовски. Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници Вие што сте тука. Се надевам господинот Влатко Ѓорчев кој секоја седница не критикува, ќе дојде овде откако ќе се наспие и попладне ќе каже дека не присуствуваме на седница. Ќе дојде еднаш на време на седница ....

(Пратениците од опозицијата реагираат и бараат да се свртат камерите каде што седи пратеникот Влатко Ѓорчев.

**Љубиша Георгиевски:** Ако сакате камерите да ве послушаат да направат швинг, јас сум за тоа ама од говорница, а не хорски бидејќи камерманот има само две уши. Од говорница предложете го тоа и ќе направиме.. .

**Слободан Најдовски:** Добро, можеме ли да почнеме претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа може Најдовски да го направи, има збор.

**Слободан Најдовски:** Тие се ефтини штосови господине претседателе, и јас како пратеник не паѓам на тие штосеви, но во ред.

Дел од мојот почеток на говорот, господинот Павле Трајанов загатна и дозволете ми да биде како вовед во мојот говор.

Имено, денес расправаме, неколку дена веќе во тек, за ребалансот на Буџетот на Собранието на Република Македонија и веќе меѓу пратениците, сите нас, дали долго расправаме, така расправаме, тоа провејува. Но, морам да го кажам своето мислење.

Буџетот и ребалансот кога се на усвојување во едно Собрание, во еден Парламент на било која држава се најважната точка на дневен ред во секоја држава и во секоја држава најважното прашање на кое се посветува внимание во

Парламентот, се токму буџетите и евентуалните ребаланси.

Имам впечаток и според некои согледувања дека напротив ние сме држава во чиј Парламент најмалку се расрпава за буџетот и најмалку се расправа временски за ребалансот и најмалку се посветува на тоа внимание. Сакам да напоменам дека Собранието на Република Македонија, пратениците, една од главните функции која ја имаат е вршење на контрола на работата на Владата. Најдобрата контрола на работата на Владата е токму преку расправата за буџетот и ребалансот. Само еден пример ќе ви кажам, дами и господа.

Јас и господин Горан Петров од ВМРО ДПМНЕ пред некаде месец и пол бевме на едно советување организирано од страна на ОБСЕ во Белград каде се расправаше токму за буџетите и контролата на трошењето на државните пари од страна на владите. Таму, меѓу другите имавме двајца претставници, првите луѓе во Парламентот на Италија за Комисијата за финансирање и буџет и првиот член на Сенатот на Италија, исто така за финансирање и буџет. Тие ни претставија како се расправа во Италија за буџет. Можеби ќе ви изгледа звучно, неверојатно, но јас ќе ви кажамследното што ни пренесоа.

Во Италија од минатата година воведено е дека со секој буџет, расправа за буџет се гласани за доверба на Влада, бидејќи тоа е најсуштественото праашање за работата на Владата. Сега, прашувате и за амандманите.

За овој ребаланс има 300 амандмани, од прилика колку што можев да видам и ние пратениците се фаќаме, посебно некои од власта, за глава. Знаете ли колку имало амандмани на тој буџет во Италија, осум илјади амандмани од страна на Парламентот и 5 илјади амандмани од страна на сенатот. Тука е господин Горан Петров, што може да го потврди. Значи вкупно 13.000 амандмани на тој Буџет во Италија.

Госпоѓо Дулиќ не знам зошто се вознемирувате. Нон стоп кога ќе излезам на говорница ми дофрлувате од место. Вие сте сериозна дама, во години, ве молам. Не ви доликува. Ве молам, ако имате да кажете нешто, кога ќе завршам реплицирајте како што секогаш го прават другите пратеници.

На тие 13 илјади амандмани во италијанскиот парламент се поставиле малку поинаку односно се поставила Владата, она што го немаме кај нас. Владата прифатила 900 амандмани од опозицијата, на Буџетот, кај нив имаат посебно донесување на финансиски закон. Така работи влада која мисли за создавање на консензус помеѓу позицијата и опозицијата, а ние имаме ситуација кога министерот за финансии во расправата за Буџетот изнаоѓа начини како да не навреди нас пратениците од опозицијата, наместо да седне и да каже кои ви се суштински амандмани за кои сметате дека треба а се расправа и да се усвојат и да разговараме. Во таа насока одеше и предлогот на господинот Трајанов. Наспроти тоа, ќе дојде министерот за финансии и сите ќе не изнавреди и ќе си замине. Затоа денес го нема, изгледа во право беа некои колеги пратеници, покрај тоа што му забранил премиерот да зборува, сега изгледа му забрани и да доаѓа кога се расправа овде, бидејќи ќе ја оддолжи расправата не знам уште колку. Тоа е околу амандманите и околу начинот на расправата во Буџетот и ребалансот и на таков начин треба да работиме.

Сега конкретно би поминал на буџетот.

Министерот, во своето воведно излагање истакна неколку работи. Македонија има макроекономска стабилност и тука се согласуваме, но не сега, годинава, откако дојде ВМРО ДПМНЕ на власт. Македонија има макроекономска стабилност 10-тина години station наназад и тоа е добро. И тоа е добро, тие таргети како што некои ги викаат современо, што јас велам тие параметри да се држат така и тука се согласуваме. Но, министерот истовремено истакна, зборувајќи за економската политика и економскиот амбиент дека во Македонија има силна инвестициона активност, го цитирам. Тоа е нормално, секој претставник на било која Влада во која било држава да се фали за својата работа, но мислам дека премногу претрерав. Каква е та бизнис клима, еве само еден пример ќе ви кажам. Владата до сега се обиде само еднаш да продаде или да доведе странски инвеститори, примерот со ОХИС и со ЕМО. На првиот тендер за ЕМО се јави само еден, за ОХИС ниеден. Еве го аргументот. Тоа ли е бизнис климата. Немојте да сфатите дека јас тоа што го кажувам е критика на која се радувам. На против, за таква состојба што е во Република Македонија, јас жалам. Не сакам да навлегувам во тоа кој е виновен, оваа Влада, онаа Влада, иако сега уште малку ВМРО ДПМНЕ и останатите партии ќе бидат во овие 15 години ист период на власт.

Министерот, како аргумент за таква инвестициона активност го изнесе податокот од 7% раст од бруто домашнот производ во првите три месеци и ги повика аналитичарите во Република Македонија, да им отвори, рече, добар простор како позитивно да се проанализира таа ситуација, во позитивна насока. И добро е, еве, и јас ги повикувам аналитичарите да се вклучат во анализа на моменталната состојба, но министерот и Владата намето реклами и да го кажуваат само она што е во нивна корист, да им ги достават на рака сите документи и тогаш ќе добиеме вистинска анализа, но анализата ќе покаже сосема спротивно од она што го тврди Владата во овој момент.

Кога сме кај моментот за растот од 7% на брутодомашниот производ во првите три месеци, морам да кажам дека тоа е премногу краток период за да се даде некоја оценка. И аналитичарите и министерот Трајко Славески, како професор а не како министер со тоа ќе се

соглси. Еве ќе ви кажам еден податок. Денес сите ги отворивте сигурно весниците и што забележавте. Првата вест, мака мачи кутрата дирктор на Државниот завод застатистика како да објави, а не сега премиерот дека во јуни годинава имаме негативен процент односно пад на индустриското производство во однос на 2006 година за 7%. Во мај негативен пораст на индустриското производство, господинот Поповски зборуваше, 5,2%. Што сега премиерот не одржи прес конференција и тоа да го каже, туку директорката сака тоа да го спореди во јуни во однос на мај, па имало пораст во однос на мај, а мај, е пак, послаб во однос на мај минатата година. Со лага велат старите, ага не бидува. Затоа, јас сум премногу претпазлив на тие податоци и треба да бидеме многу внимателни. Јас не сакам да бидам како Владата, да изразувам недоверба кон одредена државна институција кога тоа не ми одговара, како што Владата изрази недоверба кон Народна банка која го изнесе податокот за странските инвестиции и кажа дека тие податоци не се релевантни. Јас сепак сакам да го зацврстиме угледот на нашите државни институции во меѓународни рамки.

Министерот кажа дека и со тоа се пофали, голем пораст на личната потрошувачка но истовремено кажа дека тоа не е одраз на бог знае каков порст на платите во Република Македонија, туку тоа е одраз на големот пораст на кредитната активност на банките во Република Македонија, посебно големиот пораст на кредити за лична потрошувачка. И тука е она што јас го зборувам кога се носеше буџетот, воведувањето на платежната картичка, но еве заменикот министер е тука, тој е сручњак од оваа област, ако сака стручно, не политички ќе каже дека и тоа не е на долг рок со ваквото ниво на плати што го имаат во Република Македонија, одржливо.

Задолженоста на граѓаните во прв почетен период може да даде позитивни резултати но на долг рок, без пораст на платите, тоа ќе биде со негативен ефект.

Сакам да го исправам министерот уште во еден податок.Кажа дека има пораснати приходи иако нема пораст на цените на цигарите. Господинот министер изнесе неточен податок. Нека си проверат добро сите надлежни институции. Кај одделен вид цигари имаше пораст од 5% на цените, а како, ако не им е јасно, во друга прилика ќе им кажам. Затоа, тој податок на министерот не му е точен и со тоа сака да ги оправда помалите приходи кои се по основ на акцизи, ДДВ и надоместоци од цигарите.

Зошто имаме ребаланс денес и министерот како главна причина или теза наведе одлична реализација на приходите, како резултат на даночната реформа. Тука ги повикувам аналитичарите добро да анализираат и ќе видат дека не е така. Аргументацијата на минстерот за тоа е дека имаме зајакната финансиска дисциплина и намалени даночни стапки за персонален данок и данок на добивка.

Еве, што покажува анализата што јас ја направив со моето скромно знаење. Напротив Владата токму тука во собирањето на даночните приходи е далеку послаба од изминатите четири години во Република Македонија. Зголемените даночни приходи дами и господа не се резултат ниту на даночна реформа, ниту на намалени давачки, туку се резултат на проширена даночна основица односно одредени закони кои ги донесе парламентарното мнозинство, воведе нови даноци и давачки кои ги немаше Република Македонија до изборите 2006 година.

Втор аргумент, најголемата фалба за најголемот пораст на даночниот приход, данокот на добивка, тука неколку колего го рекоа, не е резултат на оваа Влада. Тоа е резултат на 2006 година. Ќе видиме во 2008 година колку ќе биде резултат на работата во 2007 година. Би сакал поединежно да се задржам на дел од овие приходи.

Зголемувањето сите рекоа дека е околу 90 милиони евра. Еве ја грубата пресметка. 20 милиони евра од Телеком, што не е резултат на работењето на Владата, 5 милиони евра се само од персоналец, на тн., К-15 што пред стапување на оваа Влада го немаше, не беше оданочувано. Значи нова давачка нов приход.

Не можам точно да пресметам, но прилично е и приходот од данокот на 100% на дивидендата што пред оваа влада да биде, беше 50% од дивидендата. 20 милиони евра од добивката, што не е резултат на работата на оваа влада, одредена сума, како воведување на нов персонален данок за користење на сопствени возила на претпријатијата, што го немаше пред да биде оваа Влада, и зголемување на дефицитот со ребалансот во апсолутен износ, што исто така не е резултат на работа, туку е резултат на ново задолжување.

Па, дами и господо, само во овие ставки имате 50 милиони евра, за кои што министерот вели дека се зголемени приходи, а што не се зголемени приходи, туку се резултат на нови даноци и резултат што е надвор од прибирање на даноците.

Поединечно, по однос на секоја од овие ќе дадам образложение.

ДДВ, позитивно и сакам да го поздравам прибирањето на ДДВ и зголемувањето на 21,4% во однос на минатата година. Но, треба да бидеме доста претпазливи бидејќи самиот министер рече дека порастот на личната потрошувачка и порастот на трговијата е прилично голем. Што не е резултат на реално зголемени плати, повеќе од 6% или колку рече министерот и таквиот пораст нема да дава резултати на подолг рок.

Но тука, кога сме кај ДДВ-то загрижувачко е реалното опаѓање од ДДВ од цигари. Според пресметките што ги направив според мене, само

по основ на ДДВ оваа Влада предвидува помалку од 2005 година, помалку за 8 милиони евра, само по основ на ДДВ.

Одиме на акцизите. Ако за ДДВ-то можеме да кажеме некои позитивности, наплатата на акцизите на тутунските производи е катастрофална. Првите впечатоци од кажувањата на Владата се дека има зголемување на наплатата од акцизите на тутунски преработки, но тоа, ако го гледата само низ првата бројка е така.

Но, ако проанализирате е крајно неточно. Имено, сегашната стапка на акцизи на цигарите е повисока од 2005 година за 60%. Само да кажам зошто ја земам 2005 година како основа. Заради тоа што за 2006 година постојано ќе се расправаме, вие бевте на власт до септември, па ние бевме 4 месеци, вие полошо работевте, ние полошо работевме, а 2005 година е година кога цела година беше претходната коалиција на власт, а 2007 во овој буџет сега што се предлага е оваа коалиција е на власт.

Ова мое кажување ќе го потврдам со следново, покрај зголемување на акцизата од 60%, основицата на која се пресметува акцизата е драстично поголема во 2007 година, од 2006 година, а посебно од 2005 година. Еве низ еден пример, најпродавана цигара во Република Македонија се цигарите што сега се продаваат по 50 денари. Вкупно учеството на продажба на цигари во Република Македонија, процентуално земат најголемо учество. Ако ја земеме како основица најпродаваната цигара во 2007 година што е по 50 денари, во 2006 година се продаваше по 35 денари кутија. Или, тогаш акцизата на една кутија цигари беше 12,35 денари, а сега е 19,50 денари по кутија. Тоа е за 60 % поголема акциза.

Приходите од акцизи на тутунски производи, според податоците што ги даде министерот во оваа година ќе бидат зголемени за 27,6 % во однос на 2005 година.

Отворено го поставувам прашањето каде е разликата помеѓу зголемувањето на акцизата од 60%, а приходите 27,6%, односно каде е разликата од 33,3%? Само по тој основ Република Македонија во 2007 година ќе изгуби повеќе од 4 милиони евра.

И, по основ на надоместоците на цигари, за тоа имам поднесено и амандман, изгледа во овој Парламент е прв пат во овие 16 години некој на поднесе амандман на приходите, според Информацијата на Владата што ни е доставена во овие документи, доставени лично од министерот за што му благодарам, Информацијата е од Министерството за финансии, по таа Информација досега се собрани 630 милиони денари или до крајот на годината од прилика 1.360.000.000 денари.

Сега, отворено го поставувам прашањето, каде е разликата од над милијарда и осумсто што треба да се соберат од надоместоци на цигари, земена во предвид продажбата на цигари 2003,2004, 2005 година, кога претходната коалиција беше на власт? Вие предвидувате 1.360.000.000 денари, тоа грубо земено, ви фалат 70 милиони кутии цигари што треба да се продадат или ви фалат минимум 9 милиони евра.

И сега, да заклучам, само по основ на ненаплатени давачки и даноци од цигарите, оваа Влада е пократка за 21 милион евра. Тоа со бројки може да се докаже. Затоа немојте да се фалите дека приходите страшно ги собирате. Е, заради тоа што не ги собирате вистинските даноци и приходи во државата, оваа Влада воведе проширување на даночната основица. Оваа Влада воведе нови оптоварувања на стопанството и со една реклама, под плаштот за намалување на персоналецот и данокот на добивка, всушност нема никакво намалување. Напротив има зголемување на вкупните давачки во стопанството.

Еве сега еден пример. Данокот на добивка. Министерот вели дека има поголеми приходи за 51,4% во однос на планираниот и 23,9% во однос на 2006 година. Пред мене се податоците од истото министерство. За првите шест месеци од оваа година и за првите девет месеци од 2006 година, до кога беше Владата од претходната коалиција, што ќе покаже анализата? Ќе покаже следното: Ако во 2007 година имате раст од 51,4% во однос на планираното во 2006 година бил 39% во однос на планираниот приход. Но, во однос на остварениот, односно на претходната година, во правите девет месеци на 2006 година имаме раст од 56%, а сега 51,6%. Е што е подобро, 56% за привите девет месеци за 2006 година или 51,6% односно 23,9% во однос на 2006 година што сега го имате остварено? Дупло послаб резултат. Па, со што тогаш се фалите?

Одиме на приходите од персоналец. Колку пари потрошивте на тоа пусто даночно намалување за денес да се види дека резултати нема никакви. Еве, ќе ви кажам со бројки. Не се намали стапката, вкупното оптоварување по персоналецот со тоа што ја намаливте стапката од 15% на 12% или оние сега лажни од 24% на 18%. Со 24% дали имаше вкупно 1% во Македонија што беа оданочени.

Ја намливте стапката, да, но ја проширивте основицата. И сега повторно од овие информации од Министерството за финансии ќе го забележите следното. Се промени структурата на приходите од персоналецот. Така, ако данокот од доход од други видови на приходи, порано во структурата беше 2,38% јас зборувам според овие податоците од Министерството за финансии сега е 5,2%. Дупло по тој основ имате. Тука влегуваат К-15, влегуваат сопствените оданочувања на сопствени возила на приватни потреби односно за потреба на претпријатието. Или, да го земеме другиот вид на приходи по основ на персоналецот.

Данок од дивиденда. Порано учествуваше со 2,38%, сега со 4,5%. Но, имате наместо порано 50% оданочување од дивидендата сега вие имате

100% оданочување. Што значи дека вкупно намалување на персоналецот за стопанството нема.

Што, ќе се изведе заклучок од анализата на приходите:

Прво, дека нема вистинско зголемување на приходите, туку има напротив потфрлување. Или, потценување во планирањето на оделни приходи и сега се сака да се прикаже како голем успех на Владата. Ако ја иземеме 2003 година, сите години кога се правеле ребаланси, сите се правеле за зголемени приходи. Па, што толку се фалите сега, дури подготвувате реклама, еве слушам за крајот на август колку сте успешни на тоа поле. Немојте залудно да ги трошите парите на граѓаните на Република Македонија.

Второ, заклучокот анализата на приходите, заради не собрание даноци по еден основ се воведуваат нови давачки на стопанствениците и граѓаните. Е, затоа немате, дами и господа нови инвестиции.

Прво, кога се рекламиравте, кога дадовте големи пари и сите странски инвеститори, навистина помислија дека Македонија има најмали давачки. Но, кога дојдоа странски инвеститори, не ги интересира дали намаливте само една ставка. Ги интересираат вкупните давачки. Видоа дека вкупните давачки се зголемени во однос на претходниот период. Затоа, таа прва еуфорија спласна.

Затоа, дами и господо, почитувани претставници на Владата, наместо со реклами и фалење зафатете се со вистински даночни реформи.

Затоа, ЛДП за оваа седница ви предложи три закони што значат дел од нашите предлози за вистински даночни реформи. Но, мислам дека нема да дојдеме да расправаме за тие закони, за тоа што како и секогаш ќе се направи играта кога ќе завршиме за ребалансот тие точки ќе останат за кој знае кога. Еве неколку седници имаме ситуација, важни точки што се ставија на дневниот ред сега не ги продолжуваме. Тоа е за приходите.

По одонос на расходите секоја Влада, одговорна и отчетна, се гледа токму преку расходите. Но, дами и господо пратеници, оваaa Влада крие од нас за што ги троши парите на граѓаните. Од оваа Влада не можете да разберете колку пари за реклами се директно од буџетот на Република Македонија. Зошто, прашувам зошто се крие од пратениците, зошто се крие од македонскиот граѓанин кој го полни буџетот на Република Македонија? Нели е транспарентна и отчетна оваа Влада? Па да погодуваме дали се 12,5 милиони евра, дали се 15 милиони евра, дали се 17 милиони евра. Нека излезе оваа Влада и поединечно за секое министерство нека каже дека Министерството за економија толку за реклами, Министерството за финансии толку, оваа Влада вкупно 12 милиони, 13 милиони, 15 милиони, толку за реклами. Па, ќе оценат граѓаните и пратениците дали е тоа исправно или не е. Оваа Влада крие да ни каже колку троши за репрезентација, колку троши за ручеци. Зошто крие од нас? Ние нема да бидеме против тоа. Сите тие се во стоки и услуги дадени и кога ние ќе прашаме немаме одговор.

Оваа Влада не сака да каже зошто не се остваруваат расходите за капитални инвестиции. Оваа Влада, во структурата на буџетот има најмало учество процентуално на капиталните расходи во однос на изминатите три години, а посебно во однос на буџетот на 2006 година.

Со еден збор, оваа Влада има најлоша структура на расходите. Наместо да вложува во капитални инвестиции, она за што најмногу не критикуваше, наместо да се грижи за пензионерите, наместо да се грижи за образованието, оваа Влада најмногу има во договорни услови каде не можете да водите контрола, најмногу има во стоки и услуги каде пак не ви кажуваат каде ги трошат парите и оваа Влада се покажува како нетранспарентна по однос на трошењето на буџетот.

Е, за ваква нетранспарентност во секоја држава било која Влада ќе падне.

Дозволете ми сега, кога сме кај расходите, за две работи посебно да кажам.

Од буџетот на Република Македонија одат пари и во општинските буџети. Дали преку дотации, на овој или на оној начин, сега со децентрализацијата на нов начин.

Дами и господо, затоа оваа Влада треба да се грижи како се трошат парите во одредени општини.

Сега, господинот Илија Димовски излезе, сакав нему да му покажам еден документ. Вчера од ЛДП одржавме една прес конференција, на која што кажавме дека градоначалникот на Општина Битола, кој е член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ не ја следи политиката на премиерот Груевски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Бидејќи претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и премиер на Република Македонија рече дека ќе биде нула ставката на возила и опрема и мебел.

Е, дами и господо, ова е Одлуката на Општина Битола, претседател на Советот Лилјана Кузмановска од ВМРО-ДПМНЕ (ја покажува одлуката на пратениците додека говори) по барање на градоначалникот, по предлог на градоначалникот на 18.06.2007 година донесе Одлука за купување патничко моторно возило. Така ли се трошат државните пари?

И сега, ми кажувате не било купено. Па предвидени биле парите. Донесена е Одлуката. Што сакате повеќе. Во неа пишува да се спроведе одлуката согласно позитивните законски прописи. И, наместо тогаш да го прифати предлогот на ЛДП тие пари да се пренасочат заради опремување на противпожарна служба, вие донесовте ваква одлука.

Денеска вашиот градоначалник ве демантира, дами и господо, на вчерашниот прес што го

имавте. Тој вели да, јас не се откажувам од набавката, прочитајте го “Шпиц”, но зависи само каква кола ќе купи. Прочитајте го тоа во “Шпиц”. Зависи само каква кола ќе купи.

Упорно баравме и овде бараме тие пари да се насочат, правилно да се искористат, рационално да се искористат, а вие демантирате нешто што не се демантира. И мене ќе ми е драго ако со вчерашниот наш прес успеавме да се спречи спроведувањето на оваа одлука и да се дадат 60 илјади евра за набавка на Ауди-6. Па таква не вози ниту еден министер во Владата на Република Македонија.

Ова е дами и господо, таа одлука. Одиме понатаму.

А, дека била опасноста од пожарите, немојте сега да ни кажувате, опозицијата ви најавувала, еве кој ви најави. ЈП”Комуналец “ - Битола. Директорот од ВМРО-ДПМНЕ, со допис на градоначалникот на Општина Битола на 17 мај, да не ви го читам сега тоа предупредување.

Вашиот директор, вашите од ВМРО-ДПМНЕ предупредиле за тоа.

Само сакам да кажам дека кој е заинтересиран од новинарите може после мојата дискусија да ја има.

Одиме на вториот дел за тоа како се трошат буџетските пари и тоа што во јавноста се отвори, што јас овде го отворив во една дискусија. Тоа е прашањето за пари наменети за поранешните борци на ОНА. Не зборуваме колку е, дали е исправно или не е исправно. Но, во овој момент немате законски основ за да предвидите средства за припадниците на ОНА, а буџетот, расходите на буџетот мора да се засниваат врз основа на закон.

Е тогаш, ве прашувам зошто предвидовте 300.000 евра за борците на ОНА? И сега, кога ние тоа прашање го отворивме, јас овде на говорница, господинот Манасиевски и на комисијата, кога се покрена во јавноста, господинот Ружди Матоши тоа го потврди исто така со своја изјава, сега од тоа се повлекувате.

Исто така и тука ми е драго ако успевме да ве спречиме како ЛДП во таа намера. Но, не сум до крај убеден дека во тоа ќе успееме. Затоа, од оваа ставка што е за борци инвалици, бараме секој месец Владата да ни поднесува извештај поединечно на кого и за што ќе ги исплаќа овие пари?

Почитувани колеги пратеници, почитувани дами и господа.

Што можеме да заклучиме од ребалансот? Нема нови вработувања, нема намалување на трошоците на живеење на граѓаните, нема намалени трошоци на стопанството, наспроти тоа имаме поголеми давачки за стопанството, имаме два поголеми даноци за граѓаните, нема пари за повисоки пензии, а наспроти тоа има пари за скапи реклами од страна на Владата, нема пари за стечајците, а има за музеи на ВМРО и жртвите на комунизмот и за некои, како што велите вие, восочни фигури.

Дами и господа така со парите на граѓаните отчетна и одговорна Влада не располага, така со парите на граѓаните отчетна и одговорна Влада не може да се однесува. Ваквиот пристап ќе не доведе во едно друго време, во едни други услови кога никој немаше право да праша како се трошат парите на граѓаните на Република Македонија.

Од овие причини јас и ЛДП нема да го поддржиме овој ребаланс. Ви благодарам

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитуван колега Најдовски, во сите ваши дискусии, па и во денешната вие во се и сешто се сомневате и ја потенцирате вашата нескриена желба да се покажете како конструктивен со желба за допринос во работењето на ова Собрание, Владата, министрите и заборавате дека не можете да ја скриете вашата грижа само за себе и неконструктивност, со вашиот испад кој го направивте вчера кога на специјалната седница на барање на сите нас овде за пожарите во Македонија, на крајот не дозволивте да заврши седницата иако имавме готови заклучици со кои требаше да истапиме пред јавноста само поради фактот што не стигнавте вие да одржите говор сличен како денешниот. Вашите пратеници од Битола колеги од СДСМ и ВМРО стигнаа да одржат говор.

Мислам дека во иднина треба да дадете критички осврт прво на себе, бидејќи сите не вџашивте, а и јавноста, а потоа да се обидете конструктивни и да барате конструктивност од другите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Најдовски вашата минута за контра реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Човек кога ќе нема аргументи да се спротивстави на она што некој го кажува ќе измислува нешто.

Госпоѓа Куновска нема аргумент да се спротивстави на она што го кажував за ребалансот, кажува нешто што нема врска.

Ова Собрание има Деловник, има процедура. Јас не сакам да навлегувам во никакви игри дали на потпретседател на Собрание или било кој и да ги спречува пратениците да зборуваат. На вчерашната седница од ефективни 7-8 часа ние расправавме три часа. Ништо друго нема врска госпоѓо Куновска, вие можете да си замислувате како сакате, но јас знам едно, дека јас го почитувам Деловникот за работа на ова Собрание и со аргументи сум подготвен со секого да дискутирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Илија Димовски, реплика од три минути, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе, иако сметам дека има повеќе теми кои можат да бидат дебатирани со господинот Најдовски во поглед на Буџетот, ќе реплицирам на она што бев спомнат по повод прес конференциите на ЛДП и на ВМРО-ДПМНЕ во вчерашниот ден.

Прво, сакам да изразам огромно задоволство што, додека сеуште трае кризната состојба во Република Македонија и формално и суштински додека сеуште луѓето ни се на терен, без разлика како ќе ги сметате, веќе почнуваат обидите за политичка кампања и прибирање на одредени политички поени по однос на сето она што се случува со пожарите.

Ние не бегаме да разговараме, апсолутно и вчера покажавме, за сето она што значи организација со противпожарните активности, меѓутоа, можеби е пристојно да почекаме и формално и суштински кризната состојба во Република Македонија да стивне, па да поразговараме кој како се ангажирал, кој градоначалник доволно кој не, која институција и тн. Не бегаме од тоа.

Второ, сакам да потенцирам дека лошата состојба со противпожарната опрема и противпожарните возила во Македонија е еквивалентна, еднаква во сите градови, подеднакво иста. Секаде возилата својата старост ја имаат помеѓу 20 и 30 години. Можам да ве уверам дека таквата состојба не е само во Битола, таквата состојба е и во Штип, во Струмица, во Велес, градот од каде доаѓам, во Охрид и веројатно во други градови.

Факт е дека Владата донесе интервентна одлука за набавка на противпожарна опрема откако се случи оваа криза и се надевам дека таа ќе биде брзо реализирана и адекватно ќе биде применета во секоја, не дај Боже, наредна прилика.

Повторно ќе повторам, лошо е што сеуште не е завршена кризната состојба, а се обидуваме да градиме политички поени. На крајот на краиштата да одговориме дека Општина Битола нема набавено возило Ауди-6. Ако го пронајдете господине Најдовски, ние сме подготвени иако не е моја работа, да ви го подариме било вам лично или ако сакате на ЛДП да го употребува за партиски цели.

Меѓутоа, Општина Битола нема набавено Ауди-6. За да се дообјасниме господине Најдовски, советите во Република Македонија, јас сум подготвен лично вам да ви обезбедам барем стотина одлуки од разлини совети во Република Македонија, одлуки кои не се испочитувани од градоначалниците и не се извршени од страна на градоначалниците.

Ако сакате ќе ви најдам такви одлуки дури и од општини каде ЛДП е на власт.

Второ, градоначалникот има законски права како да постапува со одлуки на советот со кои не се согласува и на крајот на краиштата исто така сум подготвен, без да спомнувам имиња, да ви дадам опис и попис кои градоначалници од СДСМ и кои градоначалници од ЛДП какви возила возат и од која дата се тие возила дали се стари една-две години и тн.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски вашата контра реплика.

**Слободан Најдовски:** Пред се молам да не се извртуваат фактите. ЛДП покажува дека Советот на Општина Битола донесе одлука за набавка на возила од 60 илјади евра, 3.300.000 денари. Тоа е прва работа.

Одговорен за спроведување на Буџетот е градоначалникот. Ова е по предлог на градоначалникот на Општина Битола. Се согласувам со вас господине Димовски да не разговараме за пожарите додека немаме конкретни резултати. Од тие причини иако цело време бев во Битола не дадов ни една изјава иако имав барање од одредени новинари да дадам изјава. Не дадов ни една изјава. Но, исто така ќе мора да одговараат, не можат да одговараат оние двајца-тројца кои се уапсени, туку сите оние кои беа одговорни да преземат мерки, а не презедоа, е, тие се најодговорни во оваа држава за пожарите. За ова ќе зборуваме кога ќе дојде време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Жерновски се пријавивте за збор или за реплика? Реплика. Повелете три минути.

(Реакција од страна на позицијата дека нема право да реплицира на сопартиец).

**Андреј Жерновски:** Ве молам да го мерите времето затоа што има прашање зошто му реплицирам на колегата. Врз основа на член 86 имам право да побарам дообјаснување.

(Реакција од пратениците).

Можам и процедурално, реагирам од име на партијата...

**Љубиша Георгиевски:** Само кратко како што пишува во Деловникот.

**Андреј Жерновски:** Вчера од прес конференцијата на пратеникот што зборуваше пред мене и од оваа собраниска говорница кажана е невистина за која сакам да објаснам од име на ЛДП.

Вам ви стана пракса да се извинувате, премиерот се извини, сега и вие ќе се извините, а ако не се извините ќе го бараме тоа на други начини.

Вие рековте дека ЛДП згрешило, излажало, имате одлука на Советот на Општина Битола да купите автомобил. Бројот е Службен гласник на Општина Битола број 05. Сега што кажавте дека не е набавено. Ова е дообјаснување, прочитајте го членот. Според извештајот за реализација на Буџетот на Општина Битола купување на моторно возило од Буџетот предвидени 3.300.000, тоа е 60.000 евра, колега веќе се уплатени 1.300.000 денари. Барам да се извините пред целата македонска јавност затоа што рековте дека ЛДП лаже, но ќе ве послушаме за тоа што кажавте,

бидејќи рековте, цитирам, ова не е моја лична работа, не е лична, но е лична и многу повеќепартиска, бидејќи вчера зборувавте на официјален прес на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа што го кажавте ќе ве послушаме. Колата која веќе ја купи градоначалникот, а беше предупреден дека може да има вакви работи во Битола, да има пожари, ќе ја земе ЛДП и пред целата македонска јавност сакам да кажам дека колата ќе ја замени со ново средство за гаснење пожари. Ве молам да се извините, бидејќи ќе мора на друг начин да се...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Илија Димовски бараше процедурално, а господинот Никола Поповски има реплика.

**Илија Димовски:** И господинот Китановски реагираше од место, формално правно овој начин на функционирање во Собранието е во ред, според Деловникот, ќе одговорам. Меѓутоа, суштински ќе настане нарушување ако не се пријавев за процедурално, практично не ќе можев да се јавам веројатно уште два дена ако продолжи истиот начин на функционирање на опозицијата.

Изразувам жалење што ЛДП повторно почнува да функционира како приврзок на СДСМ, меѓутоа, (реакција од пратениците на опозицијата) тоа е начин како вие одлучувате да функционирате. Јас ви кажав, ви објаснив како функционираат општините, господинот Најдовски многу прецизно знае што значи спроведување на одлука, што значи не спроведување на една одлука, живи, здрави, тука сме. Значи господине Жерновски живи здрави, тука сме ќе разговараме и по два месеци и по три месеци. Добро е за одговор вие да кажете во Општина Велес колку години беше старо возилото кое се продаде за многу мали пари и зошто се купи ново исто такво возило. Благодарам.

(Господинот Најдовски бара контра реплика). К

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика на господинот Жерновски, многу симпатично, повелете.

**Слободан Најдовски:** За да биде симпатично, претседателе, јас му благодарам на господинот Жерновски што го искористи деловничкото право да ме дообјасни и што го достави документот од кој се гледа реализација на средствата. Реализација на средства значи дека веќе некој уплатил пари.

Сега господине Илија Димовски некој ќе мора и за ова да одговара. Веќе уплатил пари, што значи дека е спроведена одлуката на Советот. Овде пишува реализација 1.300.000 или 20 илјади евра се веќе уплатени. Сега, дами и господа ако некој веќе ги повлекува овие пари е, тогаш ќе треба дупло да одговара.

Второ, ќе дојде време како што се извини господинот Груевски на ЛДП на господинот Жерновски и вие да се извините за ова, затоа што е така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски со вашата реплика.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас би се вратил на дискусијата на господинот Слободан Најдовски, ценам дека тој имаше исклучително плодна дискусија и овие реплики како малку да ја застранија од сржта на дискусијата целата тема во Парламентот.

Господинот Најдовски имаше доста сериозни укажувања во врска со приходната страна на Буџетот кои ги аргументираше со прилично различен инструментариум од Владата и остави сериозен впечаток дека нам ни треба дообјаснување во врска со тоа од страна на Владата.

Исто така господинот Најдовски во дискусијата неколку пати побара од Владата за одредени расходни ставки на Буџетот да добиеме информација. Тоа ние го побаравме неколку пати во текот на изминатите два-три дена, меѓутоа, Владата очигледно не сака да даде информација за ставките во Буџетот што и е должност, согласно Законот за буџетите пред Собранието на Република Македонија.

Затоа ја повикувам Владата да даде образложение, министерот за финансии е тука, на тоа што господинот Најдовски го побара од Владата во својата дискусија.

До колку Владата продолжи со молкот по повод неговата дискусија, тогаш, барем за мене лично останува дека тој што го кажа е така, дека Владата од сопствени причини не сака да ги соопшти расходните ставки на Буџетот кои нејзе не и одговараат односно ги затскрива зад позициите на Буџетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Сакав процедурално да реагирам во однос на членот 87 став 1 - говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред.

Имавме половина час дискусија за одлуки на совет на една општина. Можеме да дискутираме дали се такви или не, дали е вистина или не, дали некој лаже или не, но, тоа денеска не е на дневен ред. Ние немаме право прво да се мешаме во одлуки на совети, второ, денеска на дневен ред го имаме Буџетот. Ако сакате да разговараме за се и сешто ќе разговараме и ако ви е целта Буџетот никогаш да не се донесе, очигледно го гледаме тоа. Но, ако е целта да разговараме за работи кои не се на дневен ред, повелете ќе го правиме тоа. Можеме да разговараме зошто тревата не е толку зелена во јули, можеме да разговараме зошто водостојот на реките е понизок и тн., но тоа не е на дневен ред.

Би ве повикал во интерес на државата, во интерес на она што се вика јавна администрација, на луѓе што чекаат пари од овој Буџет, во интерес на

земјоделците, во интерес на сите оние кои чекаат субвенции од овој Буџет, во интерес на илјадници села кои или се во опасност од пожари или тоа веќе им се случува, да бидеме конструктивни, да говориме за Буџетот и што побрзо да го донесеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Не се одговара на процедурално со процедурално.

Но, повелете ако е чисто процедурално.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе чисто процедурално дека кога пратеник зборува невистини или се оддалечува од темата вие треба да го прекинете.

Вие оценивте дека јас не зборував надвор од темата и не ме прекинавте. Исправно оценивте заради следното. Заради тоа што зборувајќи за Буџетот зборував за трошење на пари и по единиците на локална самоуправа. Тоа го потврдив и го образложив.

(Упади од страна на пратениците).

Ве молам, зошто сте толку нервозни, од овој Буџет има трансфери до единицита на локалната самоуправа односно до општините. Ние треба да се грижиме како тие пари се трошат. Не навлегувам во одлуката на советите дали е исправна или не, туку заради тоа што има трансфери и воопшто не се оддалечив од темата. Јас ви благодарам што не ме прекинавте, бидејќи оценивте дека  исправно говорам, а господинот Александар Николовски негово право како тоа ќе го толкува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Факт е дека малку застранивме, но исто така факт е, тоа господинот Никола Поповски го кажа, жалосно, бидејќи вашата дискусија за Буџетот беше опстојна, интересна и аргументирана, малку застранивме сите, да се договориме да  не застрануваме. Наместо сега уште половина саат да загубиме кој е виновен што се застрани, дајте да говориме за материјалната расправа.

Повелете госпоѓо Филипова.

(Славица Грковска бара процедурално).

Само што замолив нешто. Рековме дека застранивме и готово.

Повелете, немам ништо против, ако сакате цел ден ќе разговараме процедурално и Буџетот ќе чека, повелете, немам јас ништо против.

**Славица Грковска:** Почитуван претседатле немаше да предизвикате процедурални забелешки до колку немавме злоупотреба на процедурална забелешка од еден наш пратеник од ВМРО-ДПМНЕ кој исто така би требало да биде загрижен побрзо да го донесеме ребалансот како и ние.

Она што мене ме загрижува е што редовно од страна на парламентарното мнозинство и од претставниците на Владата на многу суштински дискусии по закони, по Буџет, по ребаланс на Буџет од страна на пратениците од опозицијата сме опоменувани и ни укажуваат како и што би требало да дискутираме.

Ве молам, тоа да не стане понатамошна пракса, затоа што тоа што се случува во изминатиот период укажува на тоа дека тоа станува пракса да ни се укажува што и како треба опозицијата да зборува. Ниту еден пратеник од опозицијата не го злоупотребуваше времето, туку имаше суштинска анализа на Буџетот. Затоа, ве молам да им укажете и на претставниците на парламентарното мнозинство и на претставниците на власта да не ги користат процедуралните забелешки за да ни укажуваат и да не навредуваат, туку напротив да се задржат на суштинските дебати околу точката на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли уште процедурално, оти рековме може.

Добро, нема и ви благодарам. Благодарам на сите оние што во интерес на реалната дискусија се откажаа од своите процедурални забелешки. Во мое име благодарам.

Госпоѓа Филипова Верица, повелете имате збор.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, господин министер.

Во мојата  денешна дискусија околу ребалансот на Буџетот за 2007 година, би сакала повеќе да се задржам на разделот 10 001 Министерство за економија. Впрочем, тоа е и областа која ја покрива енергетиката во Република Македонија.

Енергетиката во Република Македонија се води аматерски. До колку стасав на ред да дискутирам пред 5-6 дена кога се пријавив и кога се надевав дека ќе ми дојде редот за мојата дискусија, ќе кажев дека состојбата во енергетскиот сектор е очајна, дека е катастрофална, дека е пред колапс. Меѓутоа, фактите,случувањата деновиве покажаа дека во енергетскиот сектор ни се случи дефакто колапс. Случувањата покажаа дека  за прв пат во Република Македонија дојде до распад на електроенергетскиот систем. Распад на електроенергетскиот систем или стручно кажано блек аут, имавме пред два дена, имавме недостаток на електрична енеергија кај потрошувачите тотално, комплетно во цела Република Македонија од 2 до 6 часот, зависно кој во кој дел се наоѓа. Сето ова се случуваше во ситуација во која, не можам да не споменам, генералните директори на двете државни претпријатија за кои издвојуваме пари и за кои целиот македонски народ издвојува пари, генерлните директори на МЕПСО и на ЕЛЕМ, се тотално раскарани, па јасно е зоштопартиски челници на една иста партија ВМРО-ДПМНЕ би се раскарале заради лични интереси, заради личен профит. Факт е дека како резултат на состојбата во енергетскиот сектор дојде колапсот во снабдувањето во цела Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, уште при ребалансот на Буџетот за 2006 година јас

дискутирав дека состојбата во енергетскито сектор се води лошо, дека се води чудно. Тогаш Владата мораше да интервенира повторно прв пат во историјата на Република Македонија со 20 милиони евра, за кои министерот кажа дека се потрошиле само 13,5 милиони евра како субвенција, како финансиска инекција, како помош, како поклон за набавка на мазут, поради нестручното раководење на енергетскиот сектор. Тоа е факт, почитувани колеги, дека немаше друго чаре во минута до 12 мораше на тој начин да се интервенира. Меѓутоа состојбата деновиве е ушт еполоша, почитувнаи колеги пратеници, господин министер и претседател на Собранието, посебно се обраќам до гледачите на собранискиот канал. Состојбата во енерегетиката после не цела година откога се на тие функции првите личности во ЕЛЕМ и во МЕПСО е многу полоша, отколку во претходниот период. Да напоменам дека претходните 4 години кога СДСМ беше на власт, енергетскиот систем во слични услови функционираше беспрекорно. Е, тоа не се должи на случајност, не се должи на среќа, туку се должи на знаење и на способност.

**Љубиша Георгиевски:** Ова е маркетинг, можевте да го прескочите. Ова ви го сметам за дигресија.

**Верица Филипова:** Во Буџетот во разделот за економија, пари за енергетиката повторно не се предвидуваат, пари за развој на економијата, на енергетиката се минимални. Ќе ни се случуваат одлевања на 500 илјади евра во ЕЛЕМ од страна на генералниот директор Чинговски. Мислам дека него гледачите и сите познавачи на оваа проблематика во Република Македонија одлично го познаваат, како еден од најгласните...

**Љубиша Георгиевски:** Држете се до Буџетот, ве молам. Држете се до Буџетот, говорете за ставки, за суми и т.н.

**Верица Филипова:** Да, да, претседателе. Во Буџетот е предвидено средства за стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија. Ова е дел од Буџетот, ова е дел од функционирањето на државата, почитуван претседателе, па поради тоа ве молам да не ми влегувате во збор и да не ме опоменувате дека не треба да зборувам за енергетиката, која е дел од Министерството за економија и е третирана во Буџетот. А, енергијата е база за развој на целокупното стопанство за една земја. Втор фактор, после работната сила која ја одредува конкурентноста на економијата на глобално ниво. Ние денес зборуваме токму за овие работи, а вие опоменувате дека, веројатно не ви годи да ги спомнам 500-тините илјади евра кои директорот Чинговски ги потроши на реклами и на спонзорства од касата, не негови лични пари, пари на граѓаните, од касата на ЕЛЕМ. Човекот се расфрлал, си трошел 5 илјади евра за еден ручек и сега да не зборуваме за тоа. Состојбата околу крахот на енергетскиот систем не мораше да се случи и во тие околности и во околности на хаварија по Косово на собирниците во нивната централа до колку стручно се работеше и се раководеше овој сектор, почитувани присутни. Зошто? Заради тоа што во третиот блок на РЕК Битола уште пред една година е вградена опрема за интервенција и за ставање при вакви случаи. Меѓутоа, вградената опрема не е ниту испитана, ниту пуштена во работа. До колку беше пуштена во работа, ќе интервенираше и немаше да ни се случи тоа што ни се случи, па на брзина сите релевантни фактори на оваа власт, почнувајќи од еден ценет мој професор и академик, кој својата стручност и знаење и академска титула ја стави во служба на една партија, потоа генералните директори, па понатаму владиниот портарол, набрзина да изјавуваат дека Грција била крива, дека морало така да се случи Понатаму, дека немало во Македонија изградено далеководи Штип, Ниш и уште колку таму и дека можело да се изградат 9 милиони евра, тотално не знаење и волунтаризам. Дека немало штети во Република Македонија од крахот на енергетскиот систем, сето тоа беа драги мои, тотално погрешни, тотално нестручни изјави, бидејќи целиот систем преносен во Европа се снима. Секоја манипулација, секој разговор од страна на УЦТЕЕ, тоа е Унија за координација и пренос на струјата низ Европа, се снима. Таму не може на Дирекцијата во Брисел да им промакне ниту еден детал, ниту какви сакаме овде изјави и прес конференции да даваме, да се суди кој бил виновен, зошто настанала и како настанала хаваријата.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, не е на дневен ред хаваријата, на дневен ред е Буџетот. Ова ви е втора дигресија, ве молам.

**Верица Филипова:** Меѓутоа, мораше да се каже дека Република Македонија има штети, почитуван претседателе, од недостатокот на електрична енергија. Па, виновникот на хаваријата да ги плати тие штети, а не вака изјави дека Македонија нема никакви штети, не претрпела штети, а од Буџетот ќе се дополнуваат тие средства. Тоа можеше да биде прилив за Република Македонија ако се кажеше како, зошто настанал недостатокот на електрична енергија, зошто не се реагирало и кој ќе ги надомести штетите. Штети има, само стартувањето на РЕК Битола, гасењето и стартувањето кошта неколку милиони евра. Каматите кои, почитуван министер, Трајко Славески кажуваше дека сме ги заштедиле отидоа за тие два часа во гаснењето и палењето на РЕК Битола, во нестручното работење. Штети имаат и големите индустриски капацитети, сигурно и Фени, Железара, Окта, штети имаат веројатно многу помалу и малите потрошувачи, а во Буџетот се вика дека Република Македонија и Министерството за економија ќе нарпави стратегија за комплетен развој на енергетиката во Република Македонија. Развивајте го сегашниот и работете добро на сегашниот развој, нема да имаме проблеми.

Во овој раздел, исто така, се вели дека во 2007 година во Секторот за енергетика се превземаат активности од стратешко и тековно значење, објавен е меѓународен јавен тендер за продажба на 100% од акциите на АД ХЕЦ Неготино. Меѓународниот јавен тендер за продажба на 100% од акциите на ТЕЦ Неготино беше објавен и од страна на претходната Влада. Тогаш беше на големо критикуван од страна на истиот академик, кој претходно го спомнав и од страна на сегашните генерални директори на МЕПСО и ЕЛЕМ, едниот во заминување после внатрепартискиот двобој, остана поразената страна, меѓутоа тие тогаш истакнуваа дека Република Македонија не смее да дозволи продажба на ТЕЦ Неготино, за своето мислење да го променат после неколку месеци од кога дојдоа на власт, да го поништат претходниот тендер, каде имавме одлична понуда добиено од страна на ЕВН Австрија со висока цена од страна на реномирана светска енергетска компанија. Тендерот беше поништен, се надевавме дека веројатно ќе останат на тоа што го кажуваа тогаш дека некое приватно партнерство јавно ќе предвиди за ТЕЦ Неготино или ќе успеат да обезбедат странски кредити за Република Македонија да ја изведе рекјонструкцијата, доградбата и изградбата на новиот капацитет во ТЕЦ Неготино, но тоа не била намерата. Намерата на оваа Влада била повторно да распише многу сличен, ако не поштетен за Република Македонија јавен тендер и сега докаде сме. Деновиве сите слушаме во јавните гласила дека само две фирми останале во трката за најдобар понудувач. Едната од тие фирми е грчка фирма, која највеbecause веројатно ќе го добие тендерот, а релациите на ВМРО-ДПМНЕ и на грчките инвеститори веќе се гледаат од авион и на секој му се јасни. Знаеме кога беше продадена Окта и ги знаеме сите случувања околу таа продажба. Мислам дека нешто слично ќе се случи деновиве и со ТЕЦ Неготино. Сите акробции, сите фискултури биле, почитувани мои, ТЕЦ Неготино да се даде на грчкиот партнер. Деновиве чекаме да се објави, меѓутоа стручњаците ќе треба да кажат во иднина која беше подобра понуда за Република Македонија , колку и што Република Македонија од сето тоа изгуби.

Во Ребалансот на Буџетот имаме исто така наведено дека објавен е јавен конкурс за прибирање на понуди за изградба на малихидроелектрични централи и меѓународен јавен конкурс за изразување на интерес учество во процесот на претквалификаија за изградба на ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште и Црна Река. Во конкурсот за изградба на мали хидроелектрани повторно се случи очекувана работа. Беше објавен тендер за 60 мали хидорлектрани, а пристигнаа понуди за само 43. Зошто? Повторно заради нестручно водење на енергетскиот сектор. Имено, во Законот за енергетика предвидено е формирање на агенција за енергетика. Агенцијата за енергетика во овие мали хидроелектрани, зошто го спомнувам ова, има задача да издаде сертификат за овластен производител, со посебен акт. Агенцијата за енергетика треба да издаде на производителот на малата хидроелектрична централа на сопственикот овластена тарифа. Агенцијата за енергетика треба да издаде посебен акт до Регулаторната комисија на Македонија, со која ќе се озваничи,официјализира и на хартија ќе се стават правилата на игра кај малите хидроелктрични централи. Меѓутоа, поради внатрепартиски пресметки за ова директорско место, за директорското место во Агенцијата за енергетика помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и НСДП блокирано е назначувањето на директор, распишан е веќе и вториот конкурс, значи 10 месеци ова директорско место не е пополнето. Зачудува фактот што Владата се фали дека ќе даде на тендер 60 уште 70 мали хидроелектрични централи, зачудува фактот кој воопшто ќе аплицира на тендер со нејасни услови на тендер без можност да ги добие понатамошните сертификати за овластен производител на електрична енергија. Најпросто кажано кој ќе произведува производ без да знае по која цена ќе гопродава. Никој. Освен ако нема некој некои посебни врски и релации со сегашната Влада и тоа се поради недооформувањето на агенцијата за енергетика. Агенцијата за енергетика е влезена во распределбата на средствата од Буџетот на Министерството за економија, со релативно големи средства за плати, а засега функционира со 6 вработени, од кои едниот зема плата од Министерството за економија, а што понатаму се планира ќе видиеm, живи били па видели.

Би сакала да се осврнам и на други случувања во овој сектор. Претходната Влада обезбеди средства, проектна документација, финансиска конструкција од Европската банка за обнова и развој, потпиша договор, распиша тендер па потпиша договор во петти месец 2006 година за изградба на далекуводот Битола - Лерин. Тоа е 400 киловолтен далекувод, кој министерот Ставрески пред неколку дена, пред една недела го пушти свечено во работа. Далекуводот Битола - Лерин е резултат на успешното и стручното работење на претходната Влада и многу влијае во распределбата на електричната енергија низ Република Македонија. Тоа што премиерот Груевски, вице премиерот Ставрески никаде не споменаа дека повторно се китат со туѓи перја, не е ништо чудно, не е ништо ново. Овој далекувод изграден со средства од Европската банка за обнова и развој, изграден од реномирана куќа “Далековод” - Загреб беше изведувач на објектот беше завршен согласно договорениот рок за десет месеци, пуштен за пробна работа и во овие времиња многу помага во одржувањето на стабилноста во енергетскиот сектор. Меѓутоа, работењето на ТЕ Осломеј и понатаму се одвива во чудни и би рекла иднината ќе покаже криминогени случувања. Зошто? Осломеј работеше есента и зимата 2006/2007 година со

јаглен кој го добавуваа без тендер меѓународната фирма ЕФК ...

**Иван Анастасовски:** Јас сепак би ве замолил колешке да се држиме до ребалансот.

**Верица Филипова:** Да, од буџетот пари би се трошеле за енергијата, за електричната енергија.

Би сакала да кажам уште околу приватизацијата на државниот капитал во 2007 година, напишано е дека продолжува согласно Програмата на Владата на РМ и дека се објавени јавни тендери, јавни повици за продажба ЕМО-Охрид и ОХИС - Скопје. Сигурно епилогот ќе покаже дека месеците наназад и идните месеци ќе се избира партнер адекватен, соодветен по мерка и волја на Владата, на кого ќе му се дадат овие две последни големи претпријатија. Состојбата во ЕМО - Охрид е повеќе од алармантна, вработените не земаат плата повеќе од шест, седум месеци, а Владата се мисли на кого и кога да го продаде. Прво ги тргна акциите од берза, ќе ги купел некој за да градел станови таму, потоа го поништи првиот тендер на кој што беше пријавена една фирма, не и била по мерак на Владата, веројатно се чека нов “Арарат” од Црна Гора на кој Владата на Љубчо Георгиевски го беше продала ЕМО - Охрид. Што ќе се случува ќе видиме и каков ќе биде крајниот епилог, меѓутоа состојбата во фирмата е многу лоша и врие кај вработените.

Понатаму, би сакала да кажам нешто околу средствата кои Министерството за економија ги предвидува за либерализација на пазарот и енергетиката односно биле предвидени 17 милиони денари, се намалуваат на 7 милиони денари. Либерализацијата на пазарот и енергетиката, еден чекор беше воведувањето на измените во Законот за енергетика, со кој големите фирми се обврзаа на еден процент да набавуваат електрична енергија сами од слободниот пазар. Кои ќе бидат следните чекори? Сведоци сме деновиве во весниците на големо се пишува за берзата на струја во Република Македонија. Замислете ќе продаваме производ кој го немаме, ќе продаваме електрична енергија која е и така дефицитарна во Република Македонија.

(Претседателот продолжува да раководи со седницата).

Зошто? Затоа што некој така сака, затоа што веројатно генералниот директор на ЕЛЕМ сака да ги испере црните пари, не чистите пари добиени при трансферите, при договорите најмногу во ТЕЦ Осломеј. Овде е пратеникот од Кичево кој ми реплицираше минатиот пат околу 20 милиони евра, очекувам да каже што се случуваше во ТЕЦ Осломеј. Во ТЕЦ Осломеј есента и зимата јаглен носеше приватна фирма, а тој јаглен се уште не бил платен. Што се чека, кога ќе се плати јагленот? Веројатно се чека берзата па ЕЛЕМ да продава струја по цени ќе видиме какви. Во меѓувреме Надзорниот одбор на ЕЛЕМ кој беше вмровски морам да кажам, ги откри овие криминогени дејанија беше експресно сменет, за после март 2007 година ЕЛЕМ впрочем да нема надзорен одбор, впрочем да не функционира како акционерско друштво во сопственост на Владата и никој за тоа ништо да не кажува, оставен е целиот енергетски сектор во Република Македонија во рацете на едно лице да работи што сака, како сака со огромни средства пари, а овде да не смееме да говориме за тоа заради тоа што било надвор од точката на дневен ред. Не почитувани колеги, на страница 187 во овој ребаланс раздел 11001 точка 3 е развој на енергетиката и се предвидени средства за либерализација на пазарот на енергетиката, па на агенција за енергетиката, за развој на енергетска ефикасност и одржлив развој. Според тоа, оваа тема е потполно во согласност со дневниот ред. Веројатно вие сакате цело време да зборуваме за бројките за приходи и расходи заради тоа што тоа ви одговара, народот тоа многу малку ќе го разбере. Меѓутоа, не ви одговара да зборуваме за криминалите кои се случуваат во енергетскиот сектор, а криминалите се мерат во милиони евра, тоа го кажував еднаш овде и ќе го повторам. Енергетскиот сектор се води не стручно, се води не одговорно и се води криминално. Колапсот и блек аутот од пред три дена покажаа дека е токму така. Доколку се водеше стручно, струја требаше да дојде за 10 минути кај потрошувачите. Доколку се водеше стручно, требаше да реагира блок 3 во Битола, а не да испаднат сите потрошувачи еден по еден да се разнижат од енергетскиот сектор. Тоа се случи прв пат во историјата на Република Македонија, меѓутоа, тоа не ни одговара и за тоа не сакате да зборуваме, а тоа е факт. Факт е дека поради кавгата на Атанаско Туневски и Чингоски, едниот од нив е разрешен, и двајцата високи функционери и активисти во ВМРО - ДПМНЕ, факт е дека деновиве во Македонија се случуваа лоши работи по ВМРО - ДПМНЕ, се случуваа лагите околу договорот Груевски, Ахмети, се случуваа пожарите и уште ова, меѓутоа, тоа се факти, од тоа не можеме да бегаме. За тоа знае целата јавност и мораме тоа да го кажуваме. Факт е дека во зимски услови енергетскиот систем како што е димензиониран вози по 30 милиони киловат часови, а кога падна системот имаше само 20 милиони киловат часови. Факт е дека нашиот систем бил многу, многу повеќе оптоварен...

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо драга, до кога да ве предупредувам.

**Верица Филипова:** Претседателе, ве молам отворете на страница 187 од Буџетот на Република Македонија, каде во Министерството за економија имаме развој на енергетиката...

**Љубиша Георгиевски:** Така, од Буџетот, вратете се. Ова го поздравувам, зборувајте за Буџетот.

**Верица Филипова:** Не ми земајте збор, јас морам да зборувам колку време сакам по овој дел од Буџетот.

**Љубиша Георгиевски**: Точно, ама не се.

**Верица Филипова:** Кога ќе го донесете новиот Деловник, тогаш можете да интервенирате.

**Љубиша Георгиевски:** По Буџетот можам да интервенирам со дигресии.

**Верица Филипова:** Не, ова не се дигресии, ова се делови кои се содржани во Буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** Јас знам дека изби пожар во ВМРО - ДПМНЕ, сега ми јавија цела зграда е запалена, ама тоа не е на дневен ред. Дајте говорите за Буџетот.

**Верица Филипова:** Јас не зборувам за ланскиот снег, јас зборувам за дел од Министерството за економија.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, зборувајте колку сакате и што сакате.

**Верица Филипова:** Да, и не зборувам на вас, зборувам на слушателите и гледачите, на нашиот електорат, на луѓето кои не бирале, чии пари овде трошиме.

(Реакции)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина да се сослушаме. Господине Китановски, ве молам воздржете се гледам дека сте пријавени за реплика.

Повелете, госпоѓо Филипова продолжете.

**Верица Филипова:** За развојот на енергетиката во Република Македонија едно од подобрите решенија е по брзото воведување на гасот. Воведувањето на гасот беше во Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. За воведување на гасот во Република Македонија вие сте напишале во “Програма во 100 чекори” дека ќе се залагате за воведување на природниот гас како енергенс за производство на електрична енергија и ќе ја потикнуваме изградбата на гасни електрани и топлаани, но од тоа нема ништо.И покрај тоа што иднината, олеснувањето на енергетската состојба со олеснувањето на конкурентноста на економијата ќе се подобри со експресно, интензивно и брзо воведување на гасот, работата е врзана во чвор, тука ништо не се работи, а ниту во овој Буџет не можеме да видиме дека се планирани средства или било каква акативност за вакво нешто. Најдобро намерно советувам на извршната власт интензивно да се позанимаваат со овој проблем. Воведувањето на гасот е иднината во енергетиката на Република Македонија. Идните промени во Законот за енергетика, кои веќе се заговараат, а за жал се уште ги немаме добиено во Собранието, ќе покажат како ќе се развива овој сектор. Меѓутоа, досегашните случувања не ми даваат за право да мислам дека ќе оди во добар правец, бидејќи воведувањето на берза на електрична енергија, продавањето на струја од страна на ЕЛЕМ, блиските врски меѓу Чингоски и ЕФТ повторно упатуваат на бојазност, на страв од повторно криминогено делување.

Би сакала да кажам нешто и околу средствата кои со овој ребаланс на Буџетот се предвидени за пензионерите. На страница 239 од Буџетот се предвидени средства за изградба на пензионерски домови. Мислам дека ќе ме разберете посебно вие претседателе дека во источна Македонија не постои дом за стари лица, дека е неопходно без разлика која Влада е на власт да се обезбедат средства. Пензионерите бараат постојано средби со пратениците од нашата изборна единица, бараат обезбедување на средства за дом за стари лица. Во постојните домови за стари лица низ Македонија можеме да прочитаме дека се чека место по пет, шест и повеќе месеци. Меѓутоа, ниту еден од нив не е лоциран во Источна Македонија, не постои можност за старите изнемоштени лица, кои немаат свои блиски да бидат згрижени во таков дом. Поради тоа апелирам нашата Влада и покрај тоа што во овој ребаланс на Буџетот нема предвидени такви средства во наредниот Буџет да обезбеди изградба на ваков старечки дом.

За зголемувањето на пензиите и очекувањето на пензионерите во оваа смисла јасно е дека нема ништо од сето тоа, јасно е дека на нив не ни сметате.

Би сакала да се осврнам и на средствата кои се предвидуваат за отворање на народни кујни. Деновив во Штип од страна на премиерот беше отворено народна кујна. Замислете, легитимации за хранење во народната кујна во Штип добиле 85 лица. Во Штип постојат 950 приматели на социјална помош или 3000 социјални случаи. По кој клуч од тие 3000 социјални случаи беа избрани 85 лица - по партиска припадност или по нешто друго се е јасно. Јасно е дека отварањето на народните кујни е маркетиншки трик на оваа Влада, па без срам сте го вметнале тоа за средства од Буџетот. Ако од 3000 социјални случаи, на 85 лица се дадат легитимации за хранење во народна кујна, ако на свеченото отворање на народната кујна во Штип присуствуваат 20 социјални случаи и 30 владини претставници, се е јасно, Топ Шоп, уште една програма од Топ Шоп на репертоарот на оваа денешна Влада, за жал. За жал, и со социјалните случаи си играте и со луѓето кои се без корка леб, си играте играчки. Во ребалансот на Буџетот не се предвидени исто така средства за стечајците, за луѓето кои повеќе од пет месеци се пред Собранието на Република Македонија.

Не можам да не ги спомнам, бидејќи сум пратеник од Штип, градот каде се случуваа многу револуционерни дејанија, блокирања од страна на нашите стечајци, за денес оваа Влада и покрај сите ветувања, ветувањата од страна, тука ја гледам пратеничката Лилјана Поповска, од ДОМ, кои им праќаа писма па им се удвараат на стечајците, па НСДП, па ВМРО ДПМНЕ, за денес и нив не ги есапите.

Добивме некој Предлог закон од страна на НСДП, меѓутоа, без средства во Буџетот, без средства во реблансот на буџетот стечајците повторно ќе останат со кратки ракави, значи повторно

туристички заедници реба јасно да се каже, не се предвидени никакви средства за нив. Луѓето ме среќаваат низ градот, кажуваат дека секој втор починат во Штип е од страна на стечајците, бидејќи немаат пари ниту за леб, а камо ли за лекови, а ние овде се однесуваме ноншалантно и неодговорно, имам уште три години да бидам на власт, па вие не ме интересирате, тогаш ќе мислам, а тие се заканувaат дека веќе со голи раце ќе одат против луѓето кои ги излажаа.

Во овој буџет се предвидени многу мали средства и за земјоделието, односно за развојот на хидросистемите. И таму состојбата е алармантна. Сушата и недомаќинското работење и незнаењето доведоа во хидросистемот Брегалница да се потрошат три пати повеќе вода отколку минатата година, а се наводнуваат пола помалку површини. Меѓутоа, тоа не ве интересира. Ние овдее треба да зборуваме за нешто друго. Ние овде треба да зборуваме за она што сака да го слушне нашата Влада, за тоа што сака да слушне нашиот ценет претседател и пратениците од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата.

Претседателе може ли да обезбедите услови за работа?

На крај би сакала да кажам нешто за развојот на патната инфраструктура односно за средствата кои се предвидени од Министерството за транспорт и врски.

Од министерството за транспорт и врски се предвидени средства за развој на неколку патни правци. Меѓутоа, она што сите очекувавме, она што се ветуваше, почетни делувања за изградба на патниот правец Штип-Скопје односно Свети Николе Миладиновци, не се предвидени средства ниту за почетна документација, камо ли за било каков тендер или реализација, за жал на сите луѓе од овој регион кои гравитираат кон Скопје, за жал на толку возила кои секојдневно доаѓаат и се трошат средства за да изминат повеќе километри. Се надевавме дека ќе се работи на овој патен правец, дека ќе се почнат одредени дејствија, меѓутоа повторно исто, повторно се става овој патен правец некаде меѓу последните, на кој треба да се интервенира, а впрочем јасно е дека визави централно и западна Македонија каде патните правци се многу добри, каде постојат автопати, во Источна Македонија не постои ниту еден автопат, во Источна Македонија не постои ниту еден патен правец, барем со три ленти, ако не автопат. Остануваме, цела Источна Македонија, како слепо црево на држ авата, за жал, повторно ќе кажам.

Во однос на Министерството за транспорт и врски обезбедувањето на средства и распределба на социјалните станови, повторно се случува голема уѓурма, ќе се делеле компјуерски, ќе се делеле таранспарентно, а всушност најнетранспарентната поделба се случи деновиве.

Претседателе дали можете да обезбедите услови, за работа, ќе завршам уште малце. Кој не сака да слуша може да се разговара и пред салата, не мора да седи на пртеничкото столче и даводи разговори со луѓето три реда пред него.

**Љубиша Георгиевски:** Како што гледате, правам се што можам и вие правите се што можете и тоа е статусквото.

**Верица Филипова:** Во делот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не ги спомнав тутунарите, не ја спомнав премијата односно средствата кои им беа ветени. Беше ветено дека ќе се дадат по 60 денари премија за килограм тутун, а не плаќаат ниту 30 денари, а впрочем тоа е законска обврска, со тоа се крши законот.

(Пратеник од место прашува кој закон)

Актите кои ги донесуваме овде во Собранието. Ако вие не знаете што е нашата задача не треба јас да ви кажувам.

Значи, на тутунарите не беа доделени ниту законски обезбедените 30 денари, а камо ли ветените во предизборната кампања 60 денари.

На крајот би сакала да ви се заблагодарам што ми дозволивте да си кажам што планирав и задржувам право ако треба уште нешто понатаму, уште еднаш да земам збор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за збор е госпоѓа Весна Бендевска, мислам дека таа не е тука.

Му давам збор на господин Рафис Алити.

Вие господине Алити сакате да зборувате по паузата за ручок. Тогаш тоа го зметам за свое право.

Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправа по ребалансот на Буџетот.

Има збор пратеник господин Рафиз Алити, повелете.

**Рафиз Алити:** Благодарам господине Анастасовски.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на таканаречената Влада.

Парламентарната група на ДУИ и кога беше Буџетот, ги искажа своите забелешки, но за жал нашите забелешки и сугестии и тогаш не се земаа предвид. Велам за жал, со оглед на тоа дека нашите забелешки беа начелни, принципиелни и аргументирани.

Да го сочекаме министерот.

**Иван Анастасовски:** Министерот излезе од салата. Јас ќе морам да се консултирам да видам од кои причини, бидејќи немам информации. Претпоставувам, јас само можам да претпоставам дека вие употребивте еден термин, таканаречена

Влада и можеби од тие причини ја напушти пленарната седница.

**Рафиз Алити:** Нема проблем. Или професор да го викаме.

**Иван Анастасовски:** Не. Вие говорете си за ребалансот. Нема потреба министерот да го викате било како.

**Рафиз Алити:** Не, тој ден така настапи, рече професорски подобро е, на говорницата...

**Ивн Анастасовски:** Јас би ве замолил ако сакате да продлжите со дебатата.

**Рафиз Алити:** Не. Додека не се врати не е коректно да продолжам. Треба да се врати таканаречениот министер од таканаречената Влада па да продолжам.

**Иван Анастасовски:** Сега не верувам. Сега после овие зборови не верувам дека ќе се врати министерот.

Во тој случај ќе го почекаме министерот да се врати.

**Рафиз Алити:** Така сме почнале со таканаречени, ќе завршиме со таканаречени.

**Иван Анастасовси:** Јас се извинувам колега, јас ќе објавам пет минути пауза за да ја надминеме оваа работа.

(Објавувам пет минути пауза).

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот).

Бидејќи ја надминавме оваа ситуација, јас ќе ве замолам олега Алити да продолжите со вашиот говор.

**Рафиз Алити:** Благодарам.

Верувам дека паузата не беше поради тоа што го кажав таканаречена Влада, затоа што во оваа држава, бидејќи Претседателот на државата се нарекува таканаречен кој му го дава мандатот некој да формира Влада, тогаш ситен носители на институции сме носители на институции. Но ќе продолжам со моето излагање.

И порано реков дека парламентарната група на ДУИ дадовме начелни и аргументирани забелешки во текот на донесувањето на Буџетот за 2007 година, но за жал нашите забелешки и сугестии не беа прифатени од причина што се знае, само затоа што ние сме опозиција, а не поради тоа дека немавме аргументи со нашите забелешки. Но тоа што не загрижува е дека и понатаму оваа таканаречена Влада продолжува со тврдоглавост да го брани тоа што тие го замислиле да го направат. Велам тоа што замислиле да го направат од политички аспект затоа што да не доделиш средства за децентрализацијата навистина во овој даден момент не е од интерес на Република Македонија и не е од интерес на сите граѓани на Република Македонија, но не е ни од интерес и на тие кои се на чело на општините и тн. Го велам ова бидејќи еден од критериумите кој се бара за наше членство во НАТО и ЕУ е и критериумот на децентрализација, додека со овој ребаланс на Буџетот не се предвидени средства за децентрализацијата. Ние како парламентарна група сме загрижени, оправдано, во кој правец чекориме, дали навистина го сакаме тоа што го сакаат граѓаните на Република Македонија над 90%, Македонија да биде членка на НАТО и ЕУ, или овие зборови ги велиме колку за да ги кажеме пред внатрешната и меѓународната јавност, но кога треба да ги имплементираме тие стандарди кои се бараат од нас, еве во конкретниот случај за децентрализацијата, не доделуваме средства, навистина да имаме една децентрализација која ќе ја води земјата напред кон нашите аспирации, кон кои тежнеме.

Ние како парламентарна група не можеме да најдеме причини зошто со предвидениот ребаланс имаше средства за правична и соодветна застапеност на етничките заедници, со Буџетот за 2007 година, додека со овој ребаланс таа ставка се намалува. Можеби тие што го имаат изготвено овој ребаланс мислат дека не само Албанците туку и другите заедници, за овие први шест месеци веќе е постигната првичната и соодветна застапеност, или нешто повеќе, или сега од таа ставка треба да се одземат средства и да не се продолжи со тоа темпо, многу бавно темпо на правичната и соодветна застапеност, затоа што според пресметките што ги направивме со тие средства кои беа предвидени со Буџетот за 2007 година, на Албанците им требаат уште најмалку 43 години да дојдат до правична и соодветна застапеност.

Едно од прашањата кое му го поставив на господинот Груевски, тој немаше одговор за колку години, до колку се продолжи со ова темпо што го имаат предвидено Албанците да бидат застапени на правичен и соодветен начин, ќе успееме да бидеме застапени најмалку колу што е кажано официјално од Државниот завод за статистика како присутни граѓани во Република Македонија, значи да се постигне бројката од 25% во нашите државни институции.

Од друга страна, има пораст на расходите за економската промоција, за услугите на Владата, за договорни услуги и тука се поставува прашањето кој е интересот на граѓаните да има раст на средствата во овие ставки, се разбира за да се направи некоја пропаганда кога се знае дека граѓанинот тоа што го плаќа на државата нема да му се врати ниту за овие четири години, ниту во идните четири години, така што и понатаму ние продолжуваме со нашите политики. Значи средствата кои ги прибираме од нашите граѓани, да не ги упатиме во потребната насока или таму каде што е интересот на граѓанинот, по две или три години да му се вратат тие средства, се разбира со некој економски раст. Да ви кажам, не само јас туку и парламентарната група на ДУИ очекувавме, имајќи го предвид тоа дека работниците кои не по нивна вина останаа на нашите улици, говорам за работниците кои се пред Собранието, кои имаат над 25 години

работен стаж, кои имаат придонесено во однос на изградбата на државата и сите ги имаат платено придонесите во текот на нивното работење, велам без нивна вина, нивните фирми се во стечај или ликвидација и тие останаа на улица. Ние како парламентарна група очекувавме со овој ребаланс да се интервенира, имајќи го предвид тоа дека од еден коалиционен партнер е предложен закон со кој најмалку би се решил проблемот на тие граѓани кои, уште еднаш ќе нагласам, имаат придонесено за изградбата на државата, додека денес се наоѓаат на улица пред Собранието и нивните барања и понатаму наидуваат на глуво уво од страна на таканаречената Влада.

Исто така пратениците на ДУИ, сите тие кои излегоа на говорница и ги кажаа своите забелешки во однос на ребалансот, меѓутоа како што е воочливо е тоа дека оваа таканаречена Влада и понатаму продолжува со партиска дискриминација и етничка дискриминација, со оглед на тоа што не се предвидува ниту една капитална инвестиција во општините кои се раководат од градоначалниците на ДУИ, не се предвидуваат капитални инвестиции во Западна Македонија која е населена со мнозинско албанско население. Во Западна Македонија живеат и други заедници, но бидејќи се раководат од претседатели на ДУИ, овие општини ќе трпат, и другите заедници кои живеат овде, поради политиките на оваа Влада.

Воочливо е и тоа дека оваа Влада од почетокот до денес потроши многу средства за само реклама или подобро да кажам за рекламирањето на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Груевски и тука нема ништо лошо, до колку политиката на оваа коалиција не е да се потрошат толкави средства за возвишувањето на една личност, трошејки средства на нашите даночни обврзници.

Не е лошо, до колку е политика на оваа владина коалиција, бидејќи ние мислиме дека без тие средства навистина малку кој во Република Македонија ќе слушнеше или ќе знаеше кој е таканаречениот премиер. Но, ние поднесовме амандмани и веруваме дека некои од нашите амандмани ќе се прифатат од таканаречениот претставник на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседавач.

Јас внимателно го слушав господинот Алити и само заради јавноста сакам да кажам некои вистини кои се во однос на застапувањето на Албанците во институциите на системот.

Би го замолил претходниот дискутант да ги земе бројките и да ги види, посебно бројките што се однесуваат на Агенцијата за државни службеници каде до шести месец од оваа година фигурираат 32,8% примени како државни службеници Албанци. Значи тоа е позитивен тренд кој ќе ја подобри првичната застапеност на Албанците во институциите.

Второ, видно влијае распределбата на буџетските средства на програмата К-5 која минатата Влада ја имаше 46 милиони, ние имаме 105 милиони денари и во истата програма конкурсот кој беше отворен за 250 луѓе, е завршен и тие луѓе сега ќе се упатат во институциите, а во понеделник или во вторник, му давам на знаење на дискутантот дека ќе има нов конкурс за 250 нови вработени и оваа програма К-5 непосредно влијае врз институциите каде првичната застапеност на Албанците е мала. Значи овие средства се упатуваат во оние институции каде ќе се вработат Албанци и други, во институциите каде бројките се многу мали. Значи оваа Влада работи максимално да имаме една сигурна и брза динамика и истата многу брзо ќе излезе со позитивни резултати на застапувањето на Албанците во институциите. Значи јас мислам тука треба добро да се објасниме и оваа динамика треба да биде поздравена од сите присутни тука бидејќи е позитивна и верувам дека брзо ќе се исполни критериумот што е многу значаен и се разбира се бара и од странските механизми ние да ги исполниме истите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една контра реплика пратеникот Рафиз Алити.

**Рафиз Алити:** Благодарам господине Ружди. Јас би ви честител и би посакал во вашиот мандат не да успеете 25%, но половината од тоа да го постигнете. Но со буџетските средства кои ние ги гледаме, кои се доделени за правична и соодветна застапеност, не сме убедени дека навистина ќе успеете во тоа што го зборувате. Јас сакал или не сакал ќе го кажам тоа ако е така како што вие велите, но од друга страна во нашите канцеларии, секојдневно во текот на овие девет изминати месеци доаѓаат многу граѓани кои се жалат, кои имале решенија за работа а сте ги отпуштиле само поради тоа да бидат претставени од вашите партиски членови а не да има правична и соодветна застапеност на етничките заедници. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитувани колеги и денес мојата елаборација, мојот став околу предложениот ребаланс на Буџетот за 2007 година ќе ја започнам традиционално.

Значи, во предизобрната програма на ВМРО-ДПМНЕ, наречена Преродба во 100 чекори, на страна 68, предизборно ветување на оваа Влада беше “ќе ја зголемиме транспаретноста во донесувањето на Буџетот како најважен инструмент на економската политика на Владата. Тоа ќе се обезбеди преку зголемена соработка и партиципација на Собранието, приватниот сектор, Синдикатот, граѓанските здруженија и тн.”. Но,

тоа, за жал, како предизборно ветување имаше ограничен рок на употреба односно рокот беше до 6 јули 2006 година.

Бидејќи овој ребаланс не само што се носи на нетранспарентен начин, и Владата делегирала свој претставник да го брани тој ребаланс кој одбра да молчи, да не дебатира со претставниците на грѓаните на Република Македоња, односно да го одмолчи секој предлог од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Дозволете ми најкратко да резимирам што содржи вој предлог на ребалансот на Буџетот на Владата на Република Македонија.

Од предлогот може да се извлечат следните заклучоци:

Прво, дефицитот во предложениот ребаланс на Буџетот се продлабочува на ниво од 1 до 1,5% од бруто домашниот производ, наспроти остварениот дефицит во 2006 година од само 0,6% од бруто домашниот производ.

Второ, проектираниот пораст на приходите во најголема мерка се потпира на пораст на данокот на добивка и тоа од неверојатни 44% односно до крајот на годината се проектира дека ќе се натфрли буџетската проекција за цели 1614 милиони денари што влегува во рамките на научната фантастика.

Трето, во вкупно проектираните расходи учеството на тековните расходи, читај, непродуктивни трошења на пари на граѓаните изнесува 84%, односно само 16% од Буџетот на Република Македонија се издвојува за капитални инвестиции.

Четврто, ова најмногу се должи на драматичниот пораст на расходната позиција на ставката стоки и услуги. Да потсетам, токму во преродабата во 100 чекори оваа Влада ветуваше нула непродуктивни расходи за 2006 и само 30% од нивото на 2006 за 2007 година. Сега во овој ребаланс гледаме дека драстично е зголемена токму оваа буџетска ставка, ставката за стои и улуги за цели 1978 милиони денари. И енормен пораст на позицијата субвенции и трансфери и тоа за 35% повеќе од основниот Буџет кој го предвидовме и го донесовме на крајот на декември 2006 година за тековната 2007 година. Ова е верувајте алармантен податок.

Петто, за жал, значителен дел од порастот на расходната позиција стоки и услуги Владата ќе ги надомести, ќе ги компензира со драстичнонамалување на социјалните трансфери за цели 551 милион денари. Толку околу прокламираната социјална грижа за граѓаните на Република Македонија. Тука почнува и завршува манипулацијата со вистината дека Владата на Груевски се грижи, има разбирање за социјалните потреби на граѓаните.

Шесто, во рамките на позицијата стоки и услуги драстично се зголемува ставката договорни услуги. А знаете како Македонија реагира на терминот: договор на ВМРО-ДПМНЕ. Скраја било. Значи, на пример целата Влада во својата програма договорните услуги ги зголемува од 234 милиони на речиси 590 милиони денари, односно цели 355 милиони денари. Значи, Владата, ако нема слух и осет за социјалните грижи на граѓаните на Република Македонија, добро се погрижила за себе, за својата владина програма. Во Службата за општи и заеднички работи при Владата постои драстичен пораст и тоа од 167 милиони денари на 216 милиони денари, односно разлика од 49 милиони денари. И кај Министерството за финансии порастот на договорните услуги по овој ребаланс е зголемен речиси за 125 милиони денари. Најголемиот дле од средствата Владата нема да ги користи за инвестиции и со тоа ја проблематизира сопствената програма по која вети дека ќе работи следните 4 години откога го доби мандатот. Еве некои од подрастичните примери. Патнит еи дневните расходи се зголемуваат за цели 20 милиони денари. Оваа Влада ќе шета низ светот. За тоа и предвиде нови 20 милиони денари. Платите, наемнините и надоместоците за вработените во Државната изборна комисија се зголемуваат за 1,3 милиони денари. Во Владата има посебно забележани промени кај неинвестициските ставки. На пример, други тековни расходи се зголемуваат за 47 милиони денари, купување на мебел, опрема, возила за цели 1 милион денари, платите, наемнините и надоместоците за 2,5 милиони денари, патните и дневните расходи за 4,5 милиони денари и т.н. за разлика од Владата, финансирањето на реформата во јавната администрација е намалено за речиси 10 милиони денари. Толку околу прокламираната реформа во јавната администрација која беше една од клучните позиции со кои настапуваше во предизборието Владата на господинот Груевски. Во Министерството за внатрешни работи патните и дневните расходи се зголемуваат за цели 14 милиони денари, комуналните услуги, греење, комуникации, транспорт за 35 милиони денари, купување на мебел, опрема, возила за 197,5 милиони денари. Во Министерството за правда Владата ги намалува средствата наменети за финансирање на реформата за цели 5,2 милиони денари. Толку околу прокламираната реформа и сериозна намера да се извршат реформите Владата инвестира во казнено поправни установи заради што го поздравуваме овој чекор. Предвидела дополнителни 6,3 милиони денари по градежни објекти за казнено поправни установи уште се разбира спектакуларните апсења, се надеваме дека ќе ги врши во рамките на институциите на системот, онака како што треба, а не во маркетиншки цели. Економскиот развој Владата ќе го темели на изградба на амбасади. Дополнителни 170 милиони денари се предвидени за купување и изградба на амбасади во странство. За развој на слободната економска

зона се предвидуваат дополнителни средства 441 милион денари.

Агенцијата за странски инвестиции наместо согласно резултатите да се размислува да и се прогласи стечај и се доделуваат дополнителни 37,5 милиони денари за субвенции и трансфери. Не смеат да се заборават домашните компании.Владата преку овој ребаланс прокламира, декларира форсирање на странските компании на сметка на домашните претпријатија. За крај најтемната точка во работата на оваа Влада Агенцијата за млади и спорт. Во оваа Агенција платите, наемнините и надоместоците за вработените се зголемуваат за 1 милион денари, другите тековни расходи за речиси милион денари. И посебно за истакнување е тоа што за други градежни објекти односно изградба на спортски сали се предвидуваат 241 милион денари, или дополнителни 180 илјади денари. Значи својот прокламиран економски раст на Република Македонија Владата го гледа во изградба на спортски објекти. Во Министерството за економија за разлика од Агенцијата за спорт и млади се намалуваат средствата наменети за развој на туристичката понуда. Тука пратеничката Поповска, за жал не успеа кај своите коалициони партнери со кои ја дели власта да обезбеди дополнителни средства. Значи се намалуваат средствата за развој на туризмот за цели 2 милиони денари, но затоа пак се зголемуваат патните и дневните расходи и се разбира договорните услуги за речиси 3 милиони денари. Со овој ребаланс на Буџетот Владата покажува дека им придава се помало значење на стратешките на значајните реформи. Така се гледа дека владината полиика за реформа во земјоделството има 154 пати помалку финансиски средства од реформата во децентрализацијата. Жалосно е. Но, мора да се истакне дека Владата најмалку им придава значење на реформата на земјоделството, токму на своите верни гласачи. Граѓаните токму кои се бават со земјоделство ја подржаа оваа Влада заради ветените реформи во земјоделството. Владата нема никаква намера да спорведува сериозни реформи на здравството, нема намера да споведува сериозна реформа во Катастарот и регистрацијата на недвижности, ниту пак има сериозна намера да ја спроведува реформата за јакнењето на владеењето на правото, како и реформата во образование. Од сето ова можеме да резимираме селдното, кратко и јасно.

Прво, иако Владата се пофали со значително поголем лимит на средства кои требаше да бидат соодветно распределени во рамките на овој ребаланс јасно е дека Владата не ги гледа социјалните аспекти како фокус на свој интерес. Не ги користи зголемените приходи за да ја зголеми социјалнаа заштита на граѓаните на Република Македонија. Оваа Влада со овие параметри во ребалансот има намера само да ги зголеми средствата за економска, лична промоција за цели 270 милиони денари, да и даде дополнителни 37 милиони денари на Агенцијата за странски инвестиции која до сега прикажува срамни резултати. Овој ребаланс покажува дека домашните субјекти и се од второстепено значење на оваа Влада. Во владината програм ана ентралниот Буџет за економски развој минимално, речиси незначително е зголемен износот за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, сосема спротивно од она што го ветуваше и т.н.

СДСМ нема да го подржи предлогот на Владата на Република Македонија за ребаланс на Буџетот за 2007 година. Не само сите факти кои засега ги спомена, туку и заради фактот што овој ребаланс е директен предлог на делегитимен член на Владата таканарečениот професор Трајко Славески. Дозволете да елаборирам за неговата делегитимност.

Прво, професорот Трајко Славески во функција на член на Владата на Никола Груевски на секое добиено пратеничко прашање кое се однесуваше на колку средства на определена буџетска ставка се потрошени за медиуми, кампањи и т.н., одговараше кратко и јасно: Јас не сум наделжен да одговорам на тоа прашање. Кога човекот кој своите ингеренции ги црпи согласно Законот за органите на државна управа, самиот не се смета за надлежен, за начинот и висината на средствата кои се трошат од Буџетот, не заслужува да му го довериме управувањето со средствата на граѓаните на Република Македонија. За тоа имам одговор. Но, секој граѓанин на Република Македонија таквиот одгово род господинот Славески може да го најде на веб страната на Собранието на Република Македонија.

Второ, сите вие почитувани колеги бевте сведоци дека токму професорот Славески пред два дена пред сите нас изјави, дека не е должен, ниту пак знае колкава е платата на секој пратеник во Собранието на Република Македонија. Ако господинот професор Славески смета дека не е во негова надлежност да ги знае платите на пратениците во Република Македонија, претпоставувам дека не знае ни колкави се платите на министрите и останатите државни органи, иако е директен потписник на сметката на средствата на граѓаните на Република Македонија.

Трето, професорот Славески е делегитимен член заради тоа, бидејќи цела јавност е запознаена околу скандалот за набавката на мазут која иако ние ја нарекуваме дека тежи 20 милиони евра, пред некој ден слушнавме дека не биле 20, туку биле само 13,5 милиони евра набавени очи во очи, дирекно со што грубо го скрши Законот за јавни набавки. На Република Македонија не и треба министер кој свесно го крши законот што го донел законодавниот дом во државата.

Четврто, истиот професор Славески заради скандалот околу спотот, пилот спотот таканречен, добра флизура, кој според соопштението на Министерството, идеата за пилот ТВ спотот : се

се менува, читај, добра флизура е дирекно идеа на Трајко Славески, а сценариото го разработил тим од кабинетот на министерот. Повторно во овој случај е грубо нарушен Законот за јавни набавки што значи дека  Законот за јавни набавки на Трајко Славески кој требаше да биде чувар на државната каса, чувар на државните пари, му е веќе влезено во навика.

Петто, и покрај нашите упатувања ког аво декември 2006 година ова Собрание го носеше Буџетот на Република Македонија за 2007 година и кога го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 и покрај нашите упатувања дека со членот 12 го крши Уставот на Република Македонија кога предвиде со средства на граѓаните, со буџетски средства да им се плаќаат трошоците за одржување на имотите на нашите летачки патувачки министри Веле Самак, Глигор Ташковиќ, Ивановски и директорот Мизо, господинот Славески се оглуши. Како што знаете Уставниот суд ја поништи оваа негова одлука, овој член од Законот, иако значителен дел од сретставата на Буџетот се употребени, потрошени за оваа ставка, а до сега и покрај сите наши барања на одговор кој ќе ги компензира овие средства, господинот  Славески одби да премолчи.

Шесто, истиот госпидин како да во оваа држава не постојат закони и како да во оваа држава не владее правото без предвидена буџетска ставка и нормално без предвидени буџетски средства распиша тендер за набавка на 10 илјади компјутери во вреднсот од речиси 24 милиони средства, без да предвиди средства за тоа. Повторно грубо нарушување на Законот за јавни набавки.

И на крај, она што е најголем грев на господинот Трајко Славески и она што најмногу го делегитимира како личност погодна да му се доверат парите на граѓаните на чување и соодветно трошење, господинот Славески јавно пред медиумите грубо манипулираше со вистината, читај, ја лажеше македонската јавност дека кога беше министер за развој употребил државни пари со кои го потпомогнал, исплатил трошоци за печатење на магистерскиот труд под наслов "регионалната економска политика на Европската унија и Република Македонија" на магистер Татјана Славеска, негова сопруга, решение од Министерството за развој број 15-908 од 2000 година, потпис министер д-р. Трајко Славески. Ја разбирам нервозата, но пред вистината и боговите молчат.

**Иван Анастасовски:** Колешке Бендевска, ако може да се држиме на точката.

**Весна Бендевска:** Значи, немам никакв намера лично да го дисквалификувам носителот на функцијата министер за финансии на Република Македонија. Но со оглед на тоа што се работи за личност кој неколку пати грубо го прекршил Законот за јавни набавки, манипулирал со државни средства, средства на граѓаните на Република Македонија и кој самиот себе си се прогласува за ненадлежен за давање на одговори.

Тој тоа носење на функцијата не заслужува да ја има. Затоа, СДСМ ќе гласа против овој Предлог за ребаланс на буџетот за 2007 година и сметаме дека е крајно време претседателот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски да го повлече твоето решение за носител  на функцијата министер за финансии и на Република Македонија да и понуди многу посоодветно решение, за кое ќе дебатираме токму во овој законодавен дом. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници,

Јас нема да дебатирам, доволно беше кажано за Буџетот, за ребалансот кој што ни е понуден, а и ќе го почитувам договорот кој што го имавме на координација, затоа што како човек а и како ЛДП сме такви и ги почитуваме договорите кои што ќе ги направиме на координација, за разлика од некој друг што не ги почитува. Ќе почекам да се сослушаме.

Значи, како што кажав.

**Иван Анастасовски:**  Ве  молам колеги, ве молам да се сослушаме.

**Роза Топузова Каревска:** Ајде нека си седнат на место.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, за трпение колеги, ве молам.

**Роза Топузова Каревска:** Ајде да се сослушаме ако може.

Значи, кажав дека ќе го почитувам договорот на координација затоа што за разлика од некој што не ги почитува договорите на координација, јас не сум таков човек и ги почитувам, нема да дебатирам околу ребалансот на буџетот, а имајќи го предвид тоа што сега им е 15 часот и 50 минути, имаме уште два часа до завршување на седницата, или уште час и половина до почетокот на работното време на колегата Влатко Ѓорчев, кој што доаѓа во 17,30 часот.

(Реакции од место)

Да, ребаланс е, околу трошењето на парите да даночните обврски. Да, колега. Значи, почитуваниот колега Влатко Ѓорчев, кој што доаѓа во 17,30 часот, од кога ќе ги заврши другите обврски и со оглед на тоа, да не задржувам, ќе кажам сосема на кратко, со оглед дека пред неколку минути, потпретседателе ве молам, како што до сега ја водевте седницата, обезбедете услови за работа.

**Иван Анастасовски:**  Колеги ве молам да ја сослушаме колешката, повелете продолжете.

Ве молам колеги. Продолжете колешке.

**Роза Топузова Каревска:** Сакам да се сослушаме.

(Реакиции од место)

Точно, во право е, без разлика од каде доаѓа колегата, апсолутно е во право. Сакам да кажам дека пред неколку минути, добивме амандман од министерот за финансии. Сакам да му се заблагодарам што го послуша апелот од ЛДП и достави амандман со кој што ќе се санираат, до некаде ќе се ублажат штетите кои се предизвикуваат од пожарите, од огнената стихија која што беснее во Република Македонија.

Но, почитуван министер, сметам дека, со оглед дека е пред неколку минути доставен и немав можност подетално да го разгледам амандманот, затоа дозволете ми можеби да кажам и нешто што не е така, но затоа е тука министерот да им објасни на пратениците. Сметам дека овој милион и 600 илјади евра, кој што според моите пресметки се недоволни, за да се санираат штетите, но сепак, едно мало ублажување на ситуацијата, која што е настаната од огнената стихија, која што е предизвикана во Република Македонија и јас навистина, очекував дека средствата ќе бидат поголеми и појасен ќе ни биде овој амандман, зошто јас немам претстава што се случува со програмата 8 подпрограма 8-а, со Музејот на ВМРО и каде што велите и музеи на жрвите од комунизмот. Притоа, колку што можам да забележам, од овде не се земени никакви средства, туку средствата се земаат сосема од ддруги ставки. Мислам моето мислење е дека и овде би можеле да имаме зафаќања, затоа што според мене не е приоритетно сега на Република Македонија во оваа ситуација и требаат восочни фигури со ликот на Тодор Александров и Ванчо Михајлов, а и ако не преземеме одредени активности во насока за спречување на пожарите и испаѓање на системот на електродистрибуција и снемањето на електрична енергија, може да се случи, и на премиерот Груевски да му се стопат восочните фигури, ако се продолжи со часови да нема електрична енергија во Република Македонија.

Токму поради тоа, сметам дека ова не е приоритетно за Република Македонија и уште еднаш апелирам и овие средства да ги пренасочите за справување со огнената стихија и помош на семејствата, односно обештетување на семејствата, кои што се загрозени од пожарите кои што беснеат во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колешка.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на билансот на приходи на централниот буџет по ставки, категорија 72, ставка 721, потставка 7212 и на ставка 725, потставка 7259 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 45 ставка 451, категорија 46 за отварање нова ставка 461 и категорија 49 ставка 491; раздел 16001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставки 421 и 425, раздел, следете ме внимателно, бидејќи имам многу за читање.

Раздел 16001 Програма 3 потпрограма 30 категорија 42 ставки 421 и 425 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 482, раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д5 категорија 48 ставка 482, раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 2А категорија 48 ставка 489 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 48 ставка 488, раздел 16001(рееакции од место) реков на почетокот Владата на Република Македонија, не ме деконцентрирајте имам 26 страници за читање, благодарение на вашите амандмани.

Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40 ставка 401 и за отворање ставка 403 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 40 ставка 401 и за отворање ставка 403 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 40 ставка 401 и за отворање ставка 403 Програма 7 Потпрограма 72 категорија 40 ставка 401 и за отворање ставка 403 Програма 8 Потпрограма 8А категорија 48 ставка 482, раздел 18010 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40 за отворање ставка 403 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 40 за отворање ставка 403 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 40 ставки 401 и 402 и за отворање ставка 403 категорија 42 ставка 425 Потпрограма 41 категорија 40 ставки 401 и 402 и за отворање ставка 403 Програма 5 Потпрограма 50 категорија 40 за отворање ставка 403 Програма 6 Потпрограма 60 категорија 40 ставка 401 Програма 7 Потпрограма 70 категорија 40 за отворање ставка 403 Програма 8 Потпрограма 80 категорија 40 за отворање ставка 403 категорија 42 ставка 425 Програма 9 Потпрограма 90 категорија 42 ставка 426 и Програма 8 за менување на Потпрограма 8А и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 Потпрограма 21 категорија 41 ставка 412 и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Пратеникот Катерина Димеска поднесе амандман на радел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и на раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандман на радел 18010 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 424 и на раздел 18010 Програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Васко Шутаров поднесе амандмани на радел 02001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 и на радел 02001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на раздел 28001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и на раздел 09002 Програма А потпрограма А0 ставка 441; раздел 18010 Програма 3 потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464; раздел 16001 Програма 7 потпрограма 72 ставка 481 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и на раздел 04002 Програма 1 потпрограма 10 ставка 461 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Миле Пачемски и Силвана Бонева поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и на раздел 09002 Програма 20 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 по кои Владата не се произнела.

